**Народна банка на Република Македонија**

Сектор за супервизија, банкарска регулатива и финансиска стабилност

Дирекција за финансиска стабилност и банкарска регулатива

# *ИЗВЕШТАЈ ЗА РИЗИЦИТЕ ВО БАНКАРСКИОТ СИСТЕМ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО 2014 ГОДИНА*

април 2015 година

## СОДРЖИНА


**I. Резиме ....4**

**II. Ризици во банкарското работење ....6**

**1. Кредитен ризик ....7**

1.1. Вкупна кредитна изложеност на банкарскиот систем .... 7

1.2. Нефункционални кредити ....11

1.3. Достасани, реструктурирани и отпишани кредити ....15

1.4. Стрес-тестирање - симулација на зголемување на кредитниот ризик....20

**2. Ликвидносен ризик ....22**

2.1. Динамика и состав на ликвидните средства ....22

2.2. Показатели за ликвидноста ....29

2.3. Рочна структура на средствата и обврските ....31

2.4. Стрес тестирање - симулации на ликвидносни шокови ....33

**3. Валутен ризик ....36**

**4. Ризик од промена на каматните стапки во портфолиото на банкарски активности....43**

**5. Ризик од несолвентност ....48**

5.1. Показатели за солвентноста и капитализираноста на банкарскиот систем и ниво на ризичност на активностите....48

5.2. Движења и квалитет на сопствените средства на банкарскиот систем....54

5.3. Движења и структура на капиталните барања и слободниот капитал на банкарскиот систем....56

5.4. Стрес-тестирање на отпорноста на банкарскиот систем на хипотетички шокови.57

**Структурни карактеристики, позначајни билансни промени и профитабилност на банкарскиот систем....59**

**III. Структура на банкарскиот систем ....60**

**1. Пристап до банкарски услуги....60**

**2. Вработеност во банкарскиот систем....61**

**3. Сопственичка структура на банкарскиот систем ....62**

**IV. Активности на банките....66**

**1. Кредити на нефинансиските субјекти ....68**

**2. Депозити на нефинансиските субјекти ....71**

**3. Останати активности ....74**

**4. Имот преземен заради наплата на побарувања ....78**

**5. Профитабилност ...................................................................................81**

5.1 Приходи, расходи и показатели за профитабилноста и ефикасноста на банкарскиот систем...............................................................................81

5.2 Движење на каматните стапки и на каматниот распон .......................................88

**V. АНЕКСИ..............................................................................................89**

# I. Резиме

Во услови на позитивни движења на домашната економија и сигнали за закрепување на приватниот сектор, активностите на домашните банки забележаа забрзан раст во 2014 година. Кредитите на нефинансиските лица остварија речиси двоцифрен годишен раст (9,9%), кој е повисок за 50% во споредба со растот забележан во 2013 година. Засилената кредитна активност е особено очигледна во сегментот на корпоративните клиенти на банките, каде годишниот раст на кредитите е двојно повисок во споредба со 2013 година, а продолжи и кредитната поддршка за домаќинствата, чиј годишен раст забрзува веќе две последователни години. Поволните движења на домашниот кредитен пазар се резултат на подобрените согледувања на домашните банки за квалитетот на кредитната побарувачка, но посочуваат и на преносен ефект од монетарното олабавување и преземените нестандардни мерки на Народната банка за засилување на кредитната поддршка на корпоративниот сектор. Депозитите од нефинансиските лица остварија двоцифрена годишна стапка на раст (10,7%), којашто е речиси двојно повисока во споредба со стапката на раст остварена во 2013 година. Традиционално, домаќинствата се најзначајниот депонент на банките, но, во 2014 година, и депозитите прибрани од претпријатијата остварија забележителен раст. Денаризацијата во билансите на банките продолжи и во 2014 година, посилно изразена на страната на пасивата.

Нето каматните приходи што ги заработуваат банките (нето каматната маргина) во процесот на финансиското посредување се искачи на ниво од 3,9% на крајот од 2014 година, што беше доволно за позначително подобрување на вкупната профитабилност на банкарскиот систем. Значаен придонес кон тоа имаше поизразеното опаѓање кај пасивните, во споредба со активните каматни стапки. Треба да се одбележи и намалувањето на оперативните трошоци на банките, за првпат во изминатите неколку години, што упатува на подобрена трошочна ефикасност, отсликана преку намалениот соодност меѓу оперативните трошоци и вкупните редовни приходи, кој е на најниско ниво во последните седум години (55,5%).

Оштетувањето на кредитниот канал на банките продолжи и во 2014 година, но со забавено темпо. Нефункционалните кредити и натаму растат, но со двојно пониска стапка на раст (која изнесува 8,3%), со што нивното учество во вкупните кредити се намали до 11,3%. Двојно пониските годишен раст на нефункционалните кредити на претпријатијата придонесе, во целост, за забавената годишна промена на вкупните нефункционални кредити. После неколкугодишен период на речиси непроменето ниво, нефункционалните кредити на домаќинствата забележаа мал раст во 2014 година, но нивното учество во вкупните кредити и натаму се намалува. Негативните ефекти од евентуалната целосна неможност за наплата на нефункционалните побарувања врз капиталот на банките се ограничени, имајќи ја предвид висока покриеност на овие кредити со исправката на вредноста. Вкупната кредитна изложеност кон нефинансиските лица се карактеризира со висока покриеност со инструменти за обезбедување, што дополнително го „ублажува" нивото на кредитниот ризик преземен од страна на банките.

Ликвидноста на банките е стабилна и на задоволително ниво, што се должи на нивната склоност за одржување стабилно ниво на ликвидни средства, чиешто учество постојано се движи околу една третина од вкупната актива. Ликвидните средства

покриваат околу 60% од краткорочните обврски и над 90% од обврските со договорна преостаната рочност до 30 дена, што ја потврдува задоволителната ликвидносна позиција на домашните банки како еден од основните столбови на севкупната стабилност на банкарскиот систем.

Директната изложеност на банкарскиот систем на ризиците од промените на пазарните финансиски варијабли бележи раст во изминатите две години, но, нивното значење е мало. Постојат ограничени услови за остварување на валутниот ризик и ризикот од промена на каматните стапки во портфолиото на банкарски активности. Падот на вредноста на еврото во однос на останатите светски валути на меѓународните девизни пазари нема влијание врз стабилноста на македонскиот банкарски систем, со оглед на применетата стратегија на одржување стабилен девизен курс на денарот во однос на еврото и доминацијата на оваа валута во позициите со валутна компонента на банките. Во однос на ризикот од промена на каматните стапки, соодносот меѓу вкупната пондерирана вредност на портфолиото на банкарските активности и сопствените средства, и покрај зголемувањето, е низок.

Стабилната солвентна позиција и двојно повисоката стапка на адекватност на капиталот во споредба со пропишаниот минимум се темелот на стабилноста и отпорноста на банкарскиот систем на Република Македонија. Во 2014 година, показателите за солвентноста и капитализираноста на банкарскиот систем бележат извесно намалување, поради пресметковното намалување на субординираните инструменти, но и поради забрзувањето на растот активностите на банките. Потребата за повисок капитал за покривање на ризиците, беше покриена со ангажирање на „слободниот" капитал на банките, акумулиран во изминатиот период. Резултатите од спроведеното стрес-тестирање покажуваат задоволителна отпорност на банкарскиот систем, иако кај поединечни банки се воочува хипотетичка потреба за докапитализација при симулираните екстремни шокови.

Во услови на засилување на економскиот раст при истовремено отсуство на ценовни притисоци во наредниот период, согласно со проекциите на НБРМ, се очекува натамошно зајакнување на банкарските активности. Сепак, ризиците од послабото закрепнување на надворешното окружување се и натаму присутни и може да имаат соодветно влијание врз деловните активности на домашните субјекти. Главниот предизвик за банките во наредниот период се однесува на одржувањето оптимална кредитна поддршка за нефинансискиот сектор и истовремено намалување на оштетувањата на кредитниот канал, што би имало повратни ефекти врз профитабилноста, капиталната стабилност и ликвидноста на банките.

# II. Ризици во банкарското работење

# 1. Кредитен ризик

**Во услови на солидни економски остварувања и закрепување на приватниот сектор во 2014 година, кредитните портфолија на банките растеа забрзано, во најголем дел како резултат на поголемата кредитна поддршка на нефинансиските субјекти која беше особено изразена во последниот квартал од годината. Забавениот раст на нефункционалните кредити при забрзување на кредитната активност на банките, придонесе за намалување на учеството на нефункционалните кредити во вкупните кредити, коешто се сведе на 11,3% на крајот на 2014 година. Нагорното движење на нефункционалните кредити продолжи и по пресечниот датум на овој извештај, додека растот на вкупните кредити забави, така што учеството на нефункционалните во вкупните кредити, во март 2015 година изнесува 11,6%. Ризикот за сопствените средства од евентуално остварување на кредитниот ризик од нефункционалните кредити не е висок, поради нивната висока покриеност со издвоената исправка на вредноста (81,9% со сопствената и над 100% со вкупната исправка на вредноста). Во последните три години постои тенденција на раст на реструктурираните нефункционални кредити. Ова сигнализира потреба за зајакнување на капацитетот на банките за навремено воочување на сигналите за финансиските тешкотии кај нивните клиенти, и следствено, навремено, оправдано и правилно реструктурирање на нивните обврски, што во краен случај би придонело за забавување на растот на нефункционалните кредити и севкупно подобрување на квалитетот на кредитните портфолија на банките.**

## 1.1. Вкупна кредитна изложеност на банкарскиот систем

**Во 2014 година, вкупната кредитна изложеност[1] на банкарскиот систем порасна за 36.623 милиони денари, или за 9,5% и достигна 423.575 милиони денари.** Годишната стапка на раст забрза во однос на претходната година, што во најголем дел произлегува од значителното засилување на кредитна активност кон нефинансиските субјекти[2], којашто беше речиси подеднакво распределена кон претпријатијата[3] и домаќинствата. Според динамиката, во

[1] Вкупната кредитна изложеност ги опфаќа билансните (кредити и депозити, финансиски лизинг, извршени плаќања врз основа на дадени гаранции, акредитиви, авали и други вонбилансни позиции, камати, провизии и надомести, вложувања во хартии од вредност и други финансиски инструменти расположливи за продажба или чувани до достасување и слично) и вонбилансните побарувања (неискористени неотповикливи рамковни кредити, неискористени неотповикливи кредити врз основа на дозволени пречекорувања и врз основа на кредитни картички, акредитиви, гаранции и други слични потенцијални обврски за банката), коишто ја изложуваат банката на кредитен ризик.

[2] Изложеноста кон нефинансиските субјекти се зголеми за 28.411 милиони денари, или за 10,4%. По одделни дејности/производи, најголем придонес во растот дадоа „градежништвото" и „трговијата на големо и мало" (кај претпријатијата) и потрошувачките кредити (кај домаќинствата).

[3] Во овој текст под „претпријатија" се подразбираат претпријатијата и другите клиенти (клиенти од дејностите: „образование", „здравствена и социјална заштита", „уметност, забава и рекреација", „други услужни дејности", „дејности на домаќинствата како работодавачи" и „дејности на екстратериторијални тела и организации").

Графикон бр. 1
Годишна стапка на промена на кредитната изложеност според секторот
во проценти




Извор: Кредитен регистар на Народната банка, врз основа на податоците доставени од страна на банките.

Графикон бр. 2
Учество на необезбедената изложеност во вкупната кредитна изложеност кон нефинансиските субјекти и кон одделните сектори
во проценти




Извор: Кредитен регистар на Народната банка, врз основа на податоците доставени од страна на банките.

последниот квартал од 2014 година се забележа најинтензивна кредитна поддршка на претпријатијата[4] од отпочнувањето на кризата, што упатува на постепено зајакнување на довербата на банките во кредитоспособноста на претпријатијата и намалување на нивниот профил на ризик. Помал придонес во годишниот раст на вкупната кредитна изложеност (36,9%) има изложеноста кон финансискиот сектор[5].

Растот на кредитната изложеност во 2014 година значително заостанува зад растот остварен во преткризната 2007 година, но е двојно повисок во однос на скромниот раст остварен во кризната 2009 година, по која настапи извесно стабилизирање на растот.

**Најголем дел, или 88,7% од кредитното портфолио (кон нефинансиските субјекти[6]) на банките е со редовен (функционален) статус.** Покриеноста на редовните кредити со исправката на вредноста утврдена за нив, односно нивото на очекувани загуби од овие кредити е релативно ниско и на крајот на 2014 година изнесува 2,9%. Нивото на очекуваните загуби од вкупното кредитно портфолио на банкарскиот систем, односно неговата покриеност со вкупната издвоена исправка на вредноста и посебната резерва, изнесува 10,5%.

**Високата покриеност со одредено обезбедување е карактеристично за вкупната кредитна изложеност кон нефинансиските субјекти, и за поодделните сектори.** Ова придонесува за „ублажување" на нивото на кредитен ризик преземен од страна на банките и воедно, може да служи како потенцијален извор за наплата

[4] Ова се должи и на поволните услови за кредитирање на претпријатијата создадени преку преземените мерки на монетарната политика, вклучувајќи ја и нестандардната мерка за поттикнување на кредитната активност за нето-извозниците и производителите на електрична енергија.
[5] Изложеноста кон финансиските институции порасна за 13.525, или за 18,1% поради растот на депозитите пласирани кај Народната банка и средствата кај странски банки. Вложувањата во државни хартии од вредност се намалија, со што изложеноста кон државата се намали за 5.313 милиони денари, или за 13,6%.
[6] Во натамошниот текст, целокупната анализа на нефункционалните, реструктурираните и пролонгираните кредити, како и на отписите се однесува само на нефинансиските субјекти.

на ненаплатената изложеност. Но, во екстремен случај ова може да значи претворање на кредитниот ризик во ризикот од неможност за продажба (по соодветна цена) на имотот кој би се презел заради наплата на побарувањата.

На крајот на 2014 година, **учеството на необезбедената изложеност** кон претпријатијата изнесува само 3,0%. Наспроти ова, учеството на необезбедената изложеност кон физичките лица, при исклучување на изложеноста врз основа на негативни салда на тековни сметки и кредитни картички[7] е нешто повисок и изнесува 16,8%.

Графикон бр. 3
Остварување на кредитниот ризик во портфолијата на банките
во милиони денари и во проценти




Извор: Кредитен регистар на Народната банка, врз основа на податоците доставени од страна на банките.

**Во 2014 година банките подобро управуваа со кредитниот ризик.** Имено, само 10,8% од промената на бруто-кредитите на банкарскиот систем е последица на остварувањето на кредитниот ризик во портфолиото на банките[8]. Ова значи дека растот на бруто-кредитите во најголем дел се должи на позначителниот раст на кредитите без знаци на оштетување. Овој придонес е значително подобар во однос на 2013 година кога остварувањето на кредитниот ризик услови речиси половина од промената на бруто-кредитите, и особено во однос на 2009 година кога и покрај постепеното стабилизирање на ефектите од кризата се забележа намалување на кредитите без знаци на оштетување, со што промената на бруто-кредитите во целост (104,1%) произлезе од остварувањето на кредитниот ризик во портфолиото на банките.

**Концентрацијата на кредитниот ризик, следена преку учеството на големите изложености[9] кон нефинансиските субјекти во сопствените**

---

[7] Најголем дел од наплатите на оваа кредитна изложеност се покриени со месечните примања на кредитокорисниците.
[8] Вкупното остварување на кредитниот ризик е пресметано како збир од годишните промени на нефункционалните кредити, редовните реструктурирани кредити, нереструктурираните кредити со доцнење од 61 до 90 дена, извршените отписи на побарувањата и средствата преземени врз основа на ненаплатени побарувања. Вкупната промена на бруто-кредитите се однесува на годишната промена на бруто-кредитите вклучувајќи ја и промената на отпишаните кредити и преземените средства врз основа на ненаплатени побарувања, затоа што и тие некогаш биле кредити.
[9] Голема изложеност кон лице или лицата поврзани со него претставува изложеноста еднаква или повисока од 10% од сопствените средства на банката.

Графикон бр. 4
Учество на големите изложености кон нефинансиските субјекти во сопствените средства на банките
во проценти




Извор: Народната банка, врз основа на податоците доставени од страна на банките.

Графикон бр. 5
Структура и просечно ниво на ризичност на кредитната изложеност кон нефинансиските субјекти, според рокот на достасување на главницата
во проценти




Извор: Кредитен регистар на Народната банка, врз основа на податоците доставени од страна на банките.

**средства на банките се зголеми на крајот на 2014 година.** Сепак, ова учество е видно пониско споредено со крајот на 2009 година кога значителен дел од кредитната изложеност на банките беше сконцентрирана кај нивните големи изложености. Оттогаш, овој показател бележи континуирано надолно движење заклучно до 2013 година. По одделни банки, учеството на големите изложености кон нефинансиските субјекти се движи во интервал од 11,1% до 246,0%. Со вклучување на изложеностите на банките кон финансиските институции и пласманите во благајнички записи и државни хартии од вредност, учеството на големите изложености во сопствените средства на банките е значително повисоко и на крајот на 2014 година го достигна историски највисокото ниво[10] од 233,1%. По одделни банки, ова учество се движи во интервал од 57,6% до 755,1% и е во рамките на пропишаниот максимален лимит[11].

**Според договорниот рок на достасување на главницата, до крајот на 2015 година се очекува да достасаат за наплата 29,6% од вкупната кредитна изложеност кон нефинансиските субјекти** на 31.12.2014 година. Имајќи го предвид нивното ниско просечно ниво на ризичност[12], не се очекуваат посериозни потешкотии во наплатата на овие изложености.

[10] Од 2005 година, од кога има расположливи податоци за овој показател.
[11] Вкупниот износ на големи изложености не смее да го надмине осумкратниот износ на сопствените средства на банката.
[12] Изложеноста класифицирана во категориите на ризик „А“ и „Б“ учествува со 92,4% во вкупната кредитна изложеност којашто достасува за наплата до крајот на 2015 година и во најголем дел (75,7%) се однесува на претпријатијата, и тоа на клиенти од дејностите „трговија на големо и мало“, „индустрија“ и „градежништво“, чиешто просечно ниво на ризичност е во категоријата на ризик „Б“.

Графикон бр. 6
Месечна (горе) и годишна (долу) промена на нефункционалните кредити на нефинансиските субјекти и на одделните сектори
во милиони денари и во проценти




Извор: Народната банка, врз основа на податоците доставени од страна на банките.

Графикон бр. 7
Учество на нефункционалните кредити во вкупните кредити на нефинансиските субјекти и на одделните сектори
во проценти




Извор: Народната банка, врз основа на податоците доставени од страна на банките.

## 1.2. **Нефункционални кредити**

**Квалитетот на кредитното портфолио на банкарскиот систем, следен преку промените на нефункционалните кредити на нефинансиските субјекти бележи подобрување**, коешто не беше континуирано во текот на целата година. По подобрувањето во првиот квартал од 2014 година, во април настапи влошување на квалитетот на кредитното портфолио, тренд којшто траеше сè до ноември, за во декември повторно да настапи надолно движење на нефункционалните кредити, на месечна и на квартална основа.

**Во 2014 година, годишната стапка на раст на нефункционалните кредити се сведе на едноцифрено ниво, кое изнесува 8,3%.** По значителното зголемување на стапката на раст на овие кредити во периодот на кризата (2008 - 2009 година), во посткризниот период таа бележи стабилизирање. Растот на нефункционалните кредити и неговиот променлив интензитет произлегуваат исклучиво од промените на нефункционалните кредити на претпријатијата, и тоа кај одреден број клиенти. Така, во 2014, година, растот на нефункционалните кредити е одраз на влошените остварувања на некои клиенти од дејностите „трговија на големо и мало" и „дејности во врска со недвижен имот". Со оглед на позитивните придвижувања во реалниот сектор, не се очекуваат поголеми скокови кај стапката на нефункционални кредити во наредниот период.

**Промените на нефункционалните кредити на домаќинствата се релативно стабилни, со послабо нагорно придвижување во целиот посткризен период.** Во 2014 година, нагорното движење е најзначајно кај нефункционалните станбени и потрошувачки кредити.

Графикон бр. 8
Учество на нефункционалните кредити во вкупните кредити на претпријатијата (горе) и домаќинствата (долу), по одделни банки
во проценти




Извор: Народната банка, врз основа на податоците доставени од страна на банките.

Забавениот раст на нефункционалните кредити во услови на поголемо забрзување на кредитната активност на банките придонесе за **намалување на учеството на нефункционалните кредити во вкупните кредити на 11,3%.** Иако, претпријатијата се носители на растот на вкупните нефункционални кредити, кај нив ова учество бележи минимално зголемување поради растот на вкупните кредити на претпријатијата. Сепак, овој показател на крајот на 2014 година е двојно повисок во споредба со крајот на 2008 година. Стапката на нефункционалните кредити[13] на домаќинствата продолжи да се намалува и се сведе на најниското ниво после 2008 година.

Во 2015 година, стапката на нефункционалните кредити се движи по нагорна линија и во март се искачи на 11,6%.

**Постои концентрација на кредитниот ризик кај неколку банки,** мерена преку учеството на нефункционалните кредити во вкупните кредити на претпријатијата и домаќинствата на одделните банки. Така, во анализираниот осумгодишен период, високата стапка на нефункционалните кредити на претпријатијата, е условена од неколку банки кај кои ова учество надминува 10%. Во 2014 година се забележува извесно конвергирање на стапките на нефункционалните кредити (на претпријатијата и домаќинствата) на одделните банки кон медијаната и кон стапката на ниво на банкарскиот систем.

[13] Стапката на нефункционалните кредити претставува учество на нефункционалните кредити во вкупните кредити.

Графикон бр. 9
Премин на кредитната изложеност кон претпријатијата (горе) и домаќинствата (долу) од редовен во нефункционален статус
во проценти




Извор: Кредитен регистар на Народната банка, врз основа на податоците доставени од страна на банките.

Графикон бр. 10
Годишна промена на исправката на вредноста за одделни сектори
во милиони денари и во проценти




Извор: Кредитен регистар на Народната банка, врз основа на податоците доставени од страна на банките.

**Знаци на извесно подобрување на квалитетот на кредитното портфолио покажува и т.н. транзициска матрица.** Процентот на кредитната изложеност со редовен статус, којашто за период од еден квартал преминува во изложеност со нефункционален статус се намали на 0,6% во последниот квартал од 2014 година (1,1% на крајот на третиот квартал и 1,6% на крајот на 2013 година). Преминот на изложеноста кон одделните сектори од редовен во нефункционален статус, за еден квартал, исто така го потврдува забавениот раст на нефункционалните кредити. Преминот во нефункционален статус е видно понизок и во однос на вториот квартал од 2009 година, кога во услови на прелевање на негативните ефекти од кризата се забележа најголем премин на редовните изложености кон нефинансиските субјекти во нефункционален статус, во последните шест години.

**Покриеноста на нефункционалните кредити со издвоената исправка на вредноста е висока, што упатува на задоволителен капацитет на банкарскиот систем за апсорбирање на потенцијалните кредитни загуби.** На крајот на 2014 година, покриеноста со вкупната утврдена исправка на вредноста се зголеми на 104,7%, а со исправката на вредноста за нефункционалните кредити на 81,9%. Ова произлегува од поголемиот раст на исправката на вредноста за нефункционалните кредити од растот на самите нефункционални кредити. Покриеноста на нефункционалните кредити со сопствената исправка на вредност бележи постојано нагорно движење од крајот на 2009 година што упатува на поконзерватитен пристап на банките при согледувањето на ризици од евентуална неможност за наплата на кредитите со сериозни знаци на оштетување. Во структурата на нефункционалните кредити на нефинансиските субјекти, целосно резервираните нефункционални кредити

учествуваат со 56,3%, додека исправката на вредноста утврдена за нив зафаќа околу две третини (68,7%) од исправката на вредноста за нефункционалните кредити. Доколку банките ги отпишат кредитите коишто се целосно резервирани, покриеноста на нефункционалните кредити со исправката на вредноста утврдена за нив би се свела на 58,5%. При оваа претпоставка, учеството на нефункционалните во вкупните кредити би било повеќе од двојно пониско, односно би изнесувале 5,3%.

Графикон бр. 11
Покриеност на нефункционалните кредити и учество на нето нефункционалните кредити во сопствените средства на банките
во проценти




Извор: Народната банка, врз основа на податоците доставени од страна на банките.

**Со оглед на високата покриеност на нефункционалните кредити, опасноста за сопствените средства на банкарскиот систем од нивно евентуално целосно неплаќање е минимална.** При екстремна претпоставка за целосна ненаплатливост на нефункционалните кредити и искористување на исправката на вредноста којашто е издвоена само за овие кредити, сопствените средства на крајот на 2014 година би се намалиле за 11,5%, речиси идентично како и претпоставеното намалување на крајот на 2013 година.

Графикон бр. 12
Учество на нето нефункционалните кредити во сопствените средства, по одделна банка
во проценти




Извор: Народната банка, врз основа на податоците доставени од страна на банките.

Во последните неколку години, учеството на нерезервираниот дел од нефункционалните кредити во сопствените средства кај повеќето банки постепено конвергира кон медијаната. Сепак, кај некои банки се забележува значително отстапување од медијаната, што значи повисок ризик за нивните сопствени средства од евентуално остварување на кредитниот ризик од нефункционалните кредити.

Графикон бр. 13
Учество на нерезервираниот дел од нефункционалните кредити во сопствените средства, кај избрани земји
во проценти




Извор: Народната банка, врз основа на податоците доставени од страна на банките, интернет-страниците на ММФ и на централните банки.
Забелешка: Податоците се со состојба на 30.9.2014 година, освен за Македонија (31.12.2014) и Чешка (30.6.2014).

**Во споредба со некои земји од нашето опкружување и пошироко,** учеството на нерезервираниот дел од вкупните нефункционални кредити[14] во сопствените средства за банкарскиот систем на Република Македонија е значително пониско. Овој показател е поповолен единствено за банкарскиот систем на Турција. Учеството на нерезервираниот дел од нефункционалните кредити во сопствените средства на банкарскиот систем на Република Македонија е за трипати помало од пресметаната средна вредност за банкарските системи на анализираните земји.

Графикон бр. 14
Просечно ниво на ризичност на кредитите со достасан дел за наплата на главницата помеѓу 61 и 90 дена
во проценти




Извор: Кредитен регистар на Народната банка, врз основа на податоците доставени од страна на банките.

## 1.3. Достасани, реструктурирани и отпишани кредити

**Достасаните кредити со период на задоцнување во отплатата на главницата помеѓу 61 и 90 дена претставуваат потенцијален извор на зголемување на нефункционалните кредити во наредниот месец.** Под претпоставка дека кај ниту еден од овие кредити нема да се наплати достасаниот долг во наредниот месец, 1,3% од вкупните редовни кредити со состојба на 31.12.2014 година би преминале во нефункционални[15], со што само по овој основ нефункционалните кредити би пораснале за 2.830 милиони денари, или 9,9%. Но, остварениот раст во следниот месец (јануари 2015 година) е видно помал и изнесува 2,2%, или 635 милиони денари, што упатува на **задоволителна наплата на достасаниот дел од 61 до 90 дена.**

[14] Нефункционални кредити на финансиски и нефинансиски субјекти.
[15] Помалото учество на кредитите со достасан дел помеѓу 61 и 90 дена на 31.12.2014 година во споредба со останатите години се должи на тоа што во оваа анализа на крајот на 2014 година се опфатени кредитите коишто доцнат во отплатата само на главницата помеѓу 61 и 90 дена, додека за останатите години кредитите коишто доцнат помеѓу 61 и 90 дена врз основа на која било ставка (главница, камата или друго побарување) на датумот на известување. Фокусирање на анализата само на кредитите со доцнење во отплатата на главницата се овозможи со измените на регулативата за Кредитниот регистар од 1.12.2014 година (согласно со Упатството за спроведување на Одлуката за содржината и начинот на функционирање на Кредитниот регистар, „Службен весник на Република Македонија бр. 14/2014").

Графикон бр. 15
Структура на пролонгираните кредити според статусот (редовен или нефункционален), по години
во милиони денари и во проценти




Извор: Кредитен регистар на Народната банка, врз основа на податоците доставени од страна на банките.

Согласно со регулативата, промената на договорните услови на кредитите преку **продолжувањето на рокот на достасување** не се поврзува секогаш со влошена финансиска состојба на клиентите. Но, фактот дека 11,2% од вкупните нефункционални кредити претходно биле пролонгирани укажува на пролонгираните кредити како можен извор за раст на нефункционалните кредити. Пролонгираните кредити се движеа по нагорна линија од почетокот на кризата во 2008 година, па сè до 2012 година, кога почнаа да се намалуваат (паралелно со растот на реструктурираните кредити), но во нивната структура се зголемува учеството на претходно пролонгираните кредити коишто добиле нефункционален статус. Иако просечното ниво на ризичност на вкупните пролонгирани кредити е релативно ниско, (22,3%), покриеноста на нефункционалните кредити коишто претходно биле пролонгирани со исправката на вредноста утврдена за нив изнесува 83,9% и соодветствува на категоријата на ризик „Д".

Графикон бр. 16
Структура на реструктурираните кредити според статусот (редовен или нефункционален), по години
во милиони денари и во проценти




Извор: Кредитен регистар на Народната банка, врз основа на податоците доставени од страна на банките.

Динамиката на „поризичните" кредити во голем дел е условена од навременото воочување на финансиските тешкотии на клиентите од страна на банките и следствено, навремено и правилно **реструктурирање** на побарувањата според потребите и можностите на нивните клиенти, што треба да доведе до подобрување на отплатата на обврските и до ограничување на растот на нефункционалните кредити. Во 2014 година, промената на вкупните реструктурирани кредити забави, по значителниот раст во претходните две години, додека нивното учество во вкупните кредити на нефинансиските субјекти се задржа релативно стабилно. Реструктурираните кредити почнаа да се зголемуваат постепено од крајот на 2010 година со заживувањето на кредитната активност на банките, а од 2012 година растеа со забрзано темпо (кога одреден стимул за поголемата употреба на и претходно постоечките можности за реструктурирање даде најавата, а потоа и

донесувањето, на новата регулатива за управување со кредитниот ризик, која предвиде воведување минимален процент за резервација на нефункционалните кредити во висина од 30%).

Во последните три години се забележува влошување на структурата на реструктурираните кредити, односно тенденција на **раст на нефункционалните реструктурирани кредити и значително забавување на растот на реструктурираните редовни кредити, па дури и нивно намалување на крајот на 2014 година.** Ова произлегува од новите реструктурирани кредити коишто имале нефункционален статус при самото реструктурирање, но и од реструктурираните побарувања, коишто во 2014 година добиле нефункционален статус. Само во 2014 година, околу половина од новите нефункционални кредити[16], биле претходно реструктурирани, но нивното учество во вкупните нефункционални кредити е мало и изнесува 8,0%. Постојаното зголемување на учеството на реструктурираните нефункционални кредити во вкупните нефункционални кредити во последните три години, покажува дека банките ненавремено, односно **со задоцнување, пристапуваат кон реструктурирање** на побарувањата од клиентите, бидејќи тие веќе се соочуваат со финансиски потешкотии и нивните обврски веќе добиле нефункционален статус, но и дека **некои од претходните реструктурирања не биле успешни** и не овозможиле олеснето намирување на долгот од страна на клиентите. Задоцнетиот пристап на банките кон реструктурирање на побарувањата се потврдува и со високото учество на кредитите со нефункционален статус во структурата на вкупните реструктурирани кредити (51,7%). Растот на реструктурираните нефункционални кредити и соодветниот раст на исправката на вредноста утврдена за нив[17] доведува до

[16] Нови нефункционални кредити на 31.12.2014 година, коишто биле редовни на 31.12.2013 година.
[17] Просечното ниво на ризичност на реструктурираните нефункционални кредити се зголеми на 66,6% (59,2% на 31.12.2013 година).

Графикон бр. 17
Структура на нефункционалните кредити според должината на одобрениот грејс-период
во милиони денари и во проценти




Извор: Народната банка, врз основа на податоците доставени од страна на банките.

Графикон бр. 18
Структура на реструктурираните кредити според должината на одобрениот грејс-период
во милиони денари и во проценти




Извор: Народната банка, врз основа на податоците доставени од страна на банките.

зголемување на просечното ниво на ризичност на вкупните реструктурирани кредити на 45,9%, што соодветствува на категоријата на ризик „Г“ (39,7% на 31.12.2013 година).

Кај повеќе од една третина (35,9%) од нефункционалните кредити на 31.12.2014 година, бил **одобрен грејс-период**[18] при одобрувањето на кредитите или во процесот на нивно реструктурирање. Овие кредити зафаќаат 19,1%[19] од вкупните кредити со одобрен грејс-период, што го надминува учеството на нефункционалните кредити во вкупните кредити (кое изнесува 11,3%). На 58,1% од нефункционалните кредити со одобрен грејс-период, грејс-периодот им е одобрен при реструктурирањето, односно откако банката веќе воочила дека се влошила финансиската состојба на клиентот.

Примената на грејс-периодот, како еден од вообичаените елементи на реструктурирањето, може да го одложи или да го отежне согледувањето на ефектите од реструктурирањето и на кредитоспособноста на клиентот се до изминувањето на грејс периодот[20] (70,3% од вкупните реструктурирани кредити на крајот на 2014 година се со одобрен грејс-период, а 72,2% од вкупните реструктурирани нефункционални кредити се кредити со одобрен грејс-период)[21]. Оттука, постои резерва во однос на реалноста на издвоените резервации за делот од кредитното портфолио на банките коешто е реструктурирано, но со одобрен грејс-период. Притоа, во одредени случаи грејс-периодот го „маскира“ (го одложува) признавањето на веќе препознаените, очекуваните кредитни

[18] Грејс-периодот се однесува на договорената должина на периодот до достасување на првиот ануитет, во случај на одложено плаќање на главницата, и тоа за кредити со ануитетска отплата.
[19] Нефункционалните кредити со одобрен грејс-период речиси во целост (95,6%) се однесуваат на претпријатијата, и тоа на клиенти од дејностите „индустрија“ и „трговија на големо и мало“.
[20] Се претпоставува дека доколку не бил одобрен грејс-периодот, овие кредити порано би добиле нефункционален статус, што соодветно би се одразило врз нивото на вкупните нефункционални кредити. Имено, за времетраењето на грејс-периодот клиентот има обврска да врши отплата само на камата, која вообичаено е помал товар и не доаѓа до израз реалната кредитоспособност на клиентот, се до истекувањето на грејс-периодот.
[21] Овие кредити во целост се однесуваат на претпријатијата, но се распределени кај клиенти од повеќе дејности, и тоа, „индустрија“, „снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација“, „трговија на големо и мало“ и „дејности во врска со недвижен имот“.

загуби или на нефункционалниот статус на клиентот.

Графикон бр. 19
Структура на кредитите реструктурирани пред две години со состојба на соодветниот датум
во проценти




Извор: Народната банка, врз основа на податоците доставени од страна на банките.

Графикон бр. 20
Отписи во текот на годините
во милиони денари




Извор: Народната банка, врз основа на податоците доставени од страна на банките.

**Успешноста на реструктурирањето се оценува според перформансите на кредитите две години по извршеното реструктурирање**[22], сметајќи дека периодот од две години е доволен за согледување на ефектите од оваа активност на банките. За „успешно реструктурирани" се сметаат кредитите коишто се наплатени или имаат редовен статус две години по реструктурирањето. Така, на крајот на 2014 година **реструктурирањето е „успешно" кај 59,7% и 74,6% од реструктурираните кредити на претпријатијата и домаќинствата, соодветно**. Сепак, потенцијален ризик за намалување на успешноста на извршените реструктурирања, претставуваат побарувањата кои се со редовен статус, но кај кои има задоцнување помеѓу 61 и 90 дена[23]. Доколку овие редовни кредити се изземат од анализата, тогаш 54,8% од реструктурираните кредити на претпријатијата и 62,3% од овие кредити на домаќинствата би се сметале за успешни. Наспроти ова, реструктурирањето се покажало како неуспешно[24] кај 40,3% и 25,4% од реструктурираните кредити на претпријатијата и домаќинствата, соодветно.

**Отписите извршени во 2014 година изнесуваат 1.272 милиона денари и се двојно повисоки во однос на 2013 година.** Ова е показател дека отписите имаат извесно влијание врз забавениот раст на нефункционалните кредити, особено врз нивното надолно квартално движење во последниот квартал од годината. Така, со исклучување на ефектот од отписите и во 2013 и 2014 година, годишната стапка на раст на нефункционалните кредити на 31.12.2014

[22] Во анализата се поаѓа од состојбата на 31.12.2014 година на оние кредити коишто биле реструктурирани во текот на 2012 година. Тука се опфатени само кредитите коишто се реструктурирани во 2012 година, а коишто на 31.12.2014 година имаат редовен или нефункционален статус, и кредитите коишто излегле од портфолиото поради наплата или отпис, а изостануваат кредитите коишто се наплатени преку преземање на имотот. Истата логика се применува и за реструктурираните кредити со состојба на крајот на 2013 и 2012 година.
[23] Кредитите со достасан дел од 61 до 90 дена се анализирани подолу.
[24] За неуспешно реструктурирани кредити се сметаат нефункционалните кредити и отпишаните кредити.

година би била повисока за 2,0 процентни поена, а доколку се исклучи ефектот од отписите само за 2014 година, годишната стапка на раст би била повисока за 4,8 процентни поени. Отпишаните побарувања речиси во целост (93,7%) се однесуваат на претпријатијата, со што доколку се исклучи нивниот ефект, годишната стапка на раст на нефункционалните кредити би била поголема за 3,2 процентни поена и би изнесувала 13,1%. Во наредниот период може да се очекува намалување на нефункционалните кредити поради поголеми отписи, со оглед на големата застапеност на кредитите класифицирани во категоријата на ризик „Д" коишто подолго време се целосно резервирани и а сè уште се присутни во билансите на банките.

Графикон бр. 21
Стапка на адекватност на капиталот по одделни дејности, пред и по првата (горе) и втората (долу) симулација за двата сектора заедно
во проценти




Извор: Народната банка, врз основа на податоците доставени од страна на банките.
Забелешка: кратенката CAR означува стапка на адекватност на капиталот.

## 1.4. Стрес-тестирање - симулација на зголемување на кредитниот ризик

Стрес-тестирањата коишто се спроведуваат на редовна основа имаат за цел да ја испитаат чувствителноста на банкарскиот систем при влошување на квалитетот на одделни сегменти од кредитното портфолио. Тие се состојат од симулации на хипотетичко преминување на 10% (прва симулација) и 30% (втора симулација) од кредитната изложеност кон претпријатијата (по дејности) и домаќинствата (по кредитни производи), поодделно, и кон двата сектора заедно, кон двете следни категории со повисока ризичност. **Резултатите од симулациите покажуваат отпорност на банкарскиот систем на симулираните шокови**, но се малку послаби во споредба со крајот на 2013 година. Ова се должи на пониската адекватност на капиталот на банкарскиот систем пред симулациите, но и на поизразената чувствителност на некои банки на претпоставените шокови. Сепак, адекватноста на капиталот на банкарскиот систем не се намалува под 8% при ниту една од симулациите, иако кај поединечни банки се согледува потреба за докапитализација при симулираните шокови. Најголемо намалување

на стапката на адекватност на капиталот при спроведување на двете симулации се забележува при влошување на кредитоспособноста на клиентите од дејностите „индустрија" и „трговија на големо и мало" (анекс бр. 29).

## 2. Ликвидносен ризик

**Задоволителниот обем и стабилното учество на ликвидните средства во вкупните средства на банкарскиот систем, им овозможуваат на банките соодветно да управуваат со ликвидноста и да одржуваат прифатливо ниво на ликвидносен ризик. Растот на пласманите во расположливи депозити во Народната банка и краткорочни депозити во странски банки, овозможија забрзан раст на ликвидните средства и подобрување на показателите за ликвидноста, што е нешто поизразено кај показателите во девизи.**

**Во 2014 година, продолжија некои од претходно утврдените трендови во банкарскиот систем - намалување на приносот што го носат ликвидните инструменти во денари, намалување на обврските на домашните банки кон нивните матични лица, подобрување на ročниот профил на обврските на банките и зголемување на нивната преостаната рочност. Симулациите за комбинирани ликвидносни шокови покажуваат задоволително ниво на отпорност на банкарскиот систем на хипотетички ликвидносни шокови.**

Графикон бр. 22
Динамика на ликвидните средства (горе) и апсолутна промена на одделните компоненти на ликвидните средства (долу)
во милиони денари и во проценти




Извор: Народната банка, врз основа на податоците доставени од страна на банките.

### 2.1. Динамика и состав на ликвидните средства

**На крајот од 2014 година ликвидните средства[25] на ниво на банкарскиот систем изнесуваат 128.498 милиони денари и на годишна основа забележаа раст за 6.052 милиона денари, односно за 9,8%.** Годишната стапка на раст на ликвидните средства во 2014 година беше на слично ниво како и во изминатите неколку посткризни години. Меѓутоа, се забележуваат промени во придонесот на одделните финансиски инструменти во вкупниот раст на ликвидните средства. Така, за разлика од изминатите две години кога државните хартии од вредност беа носител на растот на ликвидните средства, во текот на 2014 година дојде до нивно намалување, при што носител на растот на ликвидните средства на банките беа вложувањата во финансиските инструменти кај Народната банка и во девизни ликвидни средства.

[25] Ликвидните средства ги опфаќаат: 1) паричните средства и побарувањата од Народната банка, каде што се вклучени ефективните парични средства, паричните средства на сметките на банките во Народната банка, расположливите депозити кај Народната банка и благајничките записи; 2) краткорочните депозити кај странски банки, вклучително и средствата на банките на нивните кореспондентните сметки во странство и 3) сметководствената вредност на пласманите во хартии од вредност издадени од Република Македонија. За потребите на анализата на ликвидносниот ризик, средствата и обврските во денари со девизна клаузула се сметаат како денарски.

Графикон бр. 23
Апсолутна (горе) и релативна (долу) квартална промена на ликвидните средства во текот на 2014 година
во милиони денари и во проценти




Извор: Народната банка, врз основа на податоците доставени од страна на банките.

Графикон бр. 24
Квартална динамика на нето издадениот износ (горе) и структура на вложувањата на банките (долу) во државни хартии од вредност
во милиони денари и во проценти




Извор: Народната банка, врз основа на податоците доставени од страна на банките.

Во текот на 2014 година, забрзувањето на растот на паричните средства и побарувањата на банките во Народната банка беше особено изразено во втората половина од годината. Истото се однесува и на растот на краткорочните депозити пласирани во странски банки. Од друга страна, пласманите на банките во државни хартии од вредност забележаа најголем пад во последниот квартал од 2014 година.

**Падот на вложувањата на банките во државни хартии од вредност во 2014 година, во голем дел се должи на промените на примарниот пазар за државни хартии од вредност во текот на годината.** За разлика од минатите неколку години, во 2014 година се забележа тренд на намалување на нето–издадениот износ на државни хартии од вредност на примарниот пазар[26]. Ова особено беше видливо во последниот квартал од годината, кога имаше историски најголем пад на нето - издадените континуирани државни хартии од вредност.

Покрај ова, учеството на државните хартии од вредност во вкупните ликвидни средства на банките, на годишна основа се намали од 31,6% на 24,5%. Во текот на 2014 година дојде и до преструктуирање на понудата на државни хартии од вредност и зголемување на нивната рочност, со што се зголеми учеството на државните обврзници во структурата на портфолиото на државни хартии од вредност на банките, за сметка на намалување на учеството на државните записи.

[26] Нето – издадениот износ на државни хартии од вредност на примарниот пазар се добива како разлика меѓу износот на ново издадените државни хартии од вредност во определен период и износот на достасаните државни хартии од вредност во соодветниот период.

Графикон бр. 25
Структура (горе) и апсолутен износ (долу) на паричните средства и побарувањата на банките од Народната банка во текот на 2014 година
во проценти и милиони денари




Извор: Народната банка, врз основа на податоците доставени од страна на банките.

**На крајот на 2014 година, паричните средства и побарувањата на банките од Народната банка опфаќаат речиси една половина од ликвидните средства на банките**. Во рамките на оваа компонента од ликвидните средства, најголем износ отпаѓа на вложувањата во благајничките записи, следени од средствата на сметките на банките во Народната банка[27]. Аукциите на благајничките записи, во текот на 2014 година, се спроведуваа преку тендер со износи и утврден ограничен понуден износ, и во текот на годината нивниот износ не претрпи промени. Наспроти ова, расположливите депозити[28] кај Народната банка бележеа раст, којшто особено забрза во втората половина од 2014 година, кога понудата на примарниот пазар на државни хартии од вредност бележеше намалување. Така, во 2014 година настанаа одредени структурни поместувања во паричните средства и побарувањата на банките од Народната банка, односно зголемување на учеството на расположливите депозити во денари, а забележително намалување на учеството на благајничките записи.

[27] Согласно со Одлуката за задолжителната резерва („Службен весник на Република Македонија" бр. 153/12, 98/13, 166/13, 143/14, 30/15 и 35/15), просечната дневна состојба на средствата на сметката на банката кај Народната банка се користи за исполнување на вкупната пресметаната задолжителна резерва на банките врз основа на нивните обврски во денари и обврски во денари со валутна клаузула, како и на 30% од пресметаната задолжителна резерва на банките по основ на нивните обврски во странска валута. Банките, на дневна основа, во текот на 2014 година можеа целосно да ги користат нивните средства на сметката кај Народната банка.

[28] Согласно со Одлуката за расположливите депозити („Службен весник на Република Македонија" бр. 49/12, 18/13, 50/13 и 166/13), банките можат да пласираат депозити во Народната банка секој работен ден со рок на достасување од еден работен ден и еднаш неделно со рок на достасување од седум дена. Овие депозити се пласираат без можност за делумно или целосно предвремено повлекување. Каматните стапки на овие депозити до 15.10.2014 година изнесуваа 0,75% за депозитите преку ноќ и 1,25% за депозитите со рочност од седум дена, а почнувајќи од 15.10.2014 година каматните стапки на овие депозити се намалија за 0,25 процентни поени.

Графикон бр. 26

Апсолутна и релативна годишна промена на ликвидните средства според валутата (горе) и структура на краткорочните депозити кај странски банки (долу)

во милиони денари и во проценти




Извор: Народната банка, врз основа на податоците доставени од страна на банките.

Краткорочните средства пласирани во странски банки, на годишна основа порасная за 21,1%, со што нивното учество во вкупните ликвидни средства се зголеми од 24,0% на крајот на 2013 година на 26,4% на крајот од 2014 година. Овие финансиски инструменти го претставуваат главниот дел од девизната компонента на ликвидните средства на банките, така што нивниот динамичен раст предизвика забрзување на растот на ликвидните средства во девизи. На крајот од 2014 година, годишниот раст на ликвидните средства во девизи забележа највисока стапка на раст во последните четири години, со што нивното учество во вкупните ликвидни средства на банките на крајот од 2014 година изнесува 28,7% или 1,5 процентни поени повеќе во споредба со 2013 година. Во структурата на краткорочните средства пласирани во странски банки, на крајот од 2014 година, најголемо учество имаат средствата пласирани преку ноќ и средствата на кореспондентните сметки во странски банки.

Графикон бр. 27

Динамика на основните каматни стапки релевантни за домашните банки

во проценти




Извор: Народната банка и интернет-страницата на ЕУРИБОР.

Приносот што го носат ликвидните финансиски инструменти на банките е во директна зависност од движењата на пазарните каматни стапки. Притоа, структурните промени на ликвидните средства во 2014 година се случуваа во услови на историски најниски каматни стапки, како на домашниот финансиски пазар, односно за финансиски инструменти во домашна валута, така и на меѓународните финансиски пазари, што главно се должи на експанзивната монетарна политика на Европската централна банка. Воедно, продолжи постепеното стеснување на распонот меѓу денарските каматните стапки на домашниот меѓубанкарски пазар (СКИБОР) и основните меѓубанкарски стапки во евро-зоната (ЕУРИБОР).

Графикон бр. 28
Динамика на кривата на принос за СКИБОР
во проценти




Извор: Народната банка

Во текот на 2014 година, продолжи трендот на намалување на каматните стапки на домашниот меѓубанкарски пазар. Така, кривата на принос за СКИБОР на крајот на 2014 година е на историски најниско ниво за сите рочни блокови, при што и распонот меѓу СКИБОР за одредени рочности во текот на годината бележеше надолен тренд. Во првата половина од 2014 година, за првпат се забележа намалување на СКИБОР со рочност од три месеци под каматната стапка на благајничките записи на Народната банка. Овие надолни придвижувања на СКИБОР претставуваа основа за зголемување на негова променливост во текот на 2014 година.

Графикон бр. 29
Стодневен просек за СКИБОР за одделна рочност (горе лево) и распон меѓу СКИБОР за избрани рочности (горе десно)
Распон меѓу највисоката и најниската котирана стапка од банките за избрани рочности (долу лево) и променливост сведена на годишно ниво на СКИБОР за избрани рочности за временска рамка од сто дена (долу десно)
во проценти и во процентни поени
во процентни поени и во поени




Извор: интерни пресметки на Народната банка.

Графикон бр. 30
Износ (горе) и структура (долу) на новите извори на финансирање на банкарскиот систем и нивна употреба
во милиони денари и во проценти




Извор: Народната банка, врз основа на податоците доставени од страна на банките.

Обемот на новите извори[29] на финансирање што ги изнаоѓаат банките покажува висок степен на чувствителност на општите економски услови во кои делуваат тие. Имено, во периодот на најголема кредитна експанзија (2007 - 2008 година) дојде до забележително зголемување на обемот на новите извори на финансирање. Потоа, поради преносните ефекти од глобалната финансиска криза, во 2009 година дојде до забележителен пад на новите извори на финансирање на банките и нивно постепено стабилизирање во последователните години на ниво коешто е слично со нивото на годините пред кредитната експанзија. Доминантната улога на депозитите на домашните нефинансиски субјекти во изворите за финансирање на активностите на домашните банки е една од главните карактеристики на македонските банки, со што сосема очекувано, депозитите го имаат главното место и во структурата на новите извори на финансирање на банките. Во 2014 година, учеството на депозитите на нефинансиските субјекти во структурата на новите извори на финансирање на банките, е малку над 80%.

**Употребата на изворите на финансирање од страна на банките индиректно ги прикажува и промените во нивниот апетит за кредитирање.** Така, во првите посткризни години (2009 - 2010), сосема е очигледно намалувањето на склоноста на банките за преземање нов кредитен ризик и посилната склоност за

[29] Новите извори на финансирање на банките и нивната употреба од страна на банките се добиени преку индиректна пресметка, односно преку промената на салдата на одделните сметки од билансот на банките. Ефектот врз паричните текови на банките, којшто се должи на расходите и приходите коишто не претставуваат паричен одлив или прилив (на пример: отписи на кредити, ревалоризација на хартии од вредност коишто се расположливи за продажба или се чуваат за тргување, амортизација на основните средства, нето курсни разлики итн.) е составен дел на промената на соодветните билансни ставки на кои се однесува соодветниот прилив или одлив, додека ефектот од исправката на вредност на кредитите и другите средства е вклучен во вкупните извори на финансирање. Со категоријата „други средства‟ се опфатени средствата коишто не се кредити на нефинансиски субјекти и коишто не се вклучени во категоријата „ликвидни средства‟ (пласманите во хартии од вредност кои не се дел од ликвидните средства, долгорочните пласмани во странски и домашни банки, задолжителната резерва во девизи, преземените средства за ненаплатени побарувања, основните средства итн.). Со категоријата „други извори на финансирање‟ се опфатени сите извори на финансирање коишто не се вклучени во депозитите на нефинансиски субјекти, капиталот и резервите, субординираните и хибридните капитални инструменти (депозитите на финансиски институции, позајмиците, други обврски, тековниот профит итн.), како и ефектот од промената на исправката на вредност на средствата. Во 2009 година, се применија во целост Меѓународните стандарди за финансиско известување за македонските банки и оттука, ефектите од тоа, се вклучени во промените за оваа година.

употреба на новите извори на финансирање за вложување во финансиски инструменти што се дел од ликвидните средства. Меѓутоа, во последователните години (2011 - 2014), постепено се зголемуваше делот од новоприбраните извори на финансирање коишто банките ги употребуваа за кредитирање, што укажува на постепено зголемување на апетитот за ризици. **Во 2014 година, банките употребија за кредитирање околу две третини од новите извори на финансирање, додека околу една третина беа насочени кон ликвидните средства.**

Графикон бр. 31
Концентрација на депозитите на банките мерена преку учеството на дваесетте најголеми депоненти во вкупните депозити на банките
во проценти




Извор: Народната банка, врз основа на податоците доставени од страна на банките.

**Во годините после кризата дојде постепеното намалување на концентрацијата на депозитите на банките,** што го подобрува амбиентот за управување со ликвидноста од страна на банките.

Графикон бр. 32
Значење и преостаната рочност на долгорочните депозити
во проценти




Извор: Народната банка, врз основа на податоците доставени од страна на банките.

Намалувањето на концентрацијата на депозитите се случува паралелно со подобрување на нивната рочна структура, односно **постепеното зголемување на учеството на долгорочните депозити во вкупните депозити на банките. Ова е показател за довербата која ја имаат домашните економски субјекти во банкарскиот систем и за јакнењето на преференциите, особено на населението, за штедење на долг рок**. Така, во 2014 година, околу една половина од новите извори на финансирање на банките се долгорочни. Доминантна улога имаат депозитите на нефинансиските субјекти, на кои отпаѓаат 41,8% од вкупните нови извори на финансирање на банките. Од друга страна, се подобри и структурата на долгорочните депозити според нивната преостаната рочност[30]. Имено, на крајот од 2014 година, повеќе од 57% од долгорочните депозити имаат преостаната рочност поголема од една

[30] Структурата на долгорочните депозити според преостаната рочност се однесува на збирот на депозитите на нефинансиски субјекти и депозитите на финансиски институции.

година. Ваквите депозити учествуваат со 16,2% во вкупните депозити, што е поголемо за 2,7 процентни поени во споредба со крајот на минатата година.

Графикон бр. 33
Показатели за ликвидноста на банкарскиот систем на крајот од годините
во проценти




Извор: Народната банка, врз основа на податоците доставени од страна на банките.

## 2.2. **Показатели за ликвидноста**

**Показателите за ликвидноста на банкарскиот систем[31] и во 2014 година беа стабилни, што е карактеристично за нивната динамика во целиот посткризен период.** Притоа, некои од показателите се и на повисоко ниво споредено со 2007 година, што главно произлегува од позитивните промени во рочната структура на обврските на банките (опишани погоре во текстот). Ликвидните средства учествуваат со околу една третина во вкупните средства на банките и покриваат околу 60% од краткорочните обврски и над 90% од обврските со договорна преостаната рочност до 30 дена.

Графикон бр. 34
Стапки на ликвидност за банкарскиот систем
во поени




Извор: Народната банка, врз основа на податоците доставени од страна на банките.

Стапките за ликвидност на банкарскиот систем[32] претставени како сооднос меѓу средствата и обврските коишто достасуваат во следните 30 дена и 180 дена, на крајот од 2014 година изнесуваат 2,3 и 1,6 соодветно, што е значително повисоко од 1, како пропишано минимално ниво. Сето ова, укажува на задоволителен обем на ликвидност со кој располага македонскиот банкарски систем.

---

[31] При пресметка на показателите за ликвидноста на ниво на банкарскиот систем не се земени предвид резидентните меѓубанкарски средства и обврски.

[32] Начинот на пресметка на стапките на ликвидност до 30 и до 180 дена е определен со Одлуката за управување со ликвидносниот ризик на банките („Службен весник на Република Македонија“ бр. 126/11, бр. 19/12 и бр.151/13).

Графикон бр. 35
Учество на ликвидните во вкупните средства (горе) и покриеност на краткорочните обврски со ликвидни средства (долу), по одделена банка
во проценти




Извор: Народната банка, врз основа на податоците доставени од страна на банките.

По одделни банки, на крајот од 2014 година, учеството на ликвидните средства во вкупните средства се движи во интервал од 14,5% до 45,8%, додека покриеноста на краткорочните обврски со ликвидни средства се движи од 36,1% до 93,6%. Воедно, во текот на 2014 година споредено со минатата година, се забележува тренд на постепена конвергенција на овие показатели по одделна банка кон медијаната за банкарскиот систем.

Графикон бр. 36
Динамика на показателот кредити/депозити на нефинансиски субјекти, по одделени банки
во проценти




Извор: Народната банка, врз основа на податоците доставени од страна на банките.

Соодносот меѓу кредитите и депозитите на нефинансиските субјекти остана на стабилно ниво од малку под 90%, што воедно укажува дека банките најголемиот дел од прибраните депозити го искористиле за финансирање на кредитната поддршка на домашните економски субјекти. На крајот од 2014 година, овој показател се движи во интервал од 72,3% до 127,2%, при што кај четири банки овој сооднос е над 100%.

Графикон бр. 37
Показатели за ликвидноста на банкарскиот систем според валутата - денари (горе) и девизи (долу)
во проценти




Извор: Народната банка, врз основа на податоците доставени од страна на банките.

**Показателите за ликвидноста според валутните карактеристики на средствата и обврските во текот на 2014 година покажаа различна динамика**. Така, показателите за девизната ликвидност се подобрија, што посебно дојде до израз во втората половина од годината. Двигател на ова движење беше растот на девизната компонента на ликвидните средства на банките, поради зголемувањето на нивната склоност за пласирање средства на сметки во странски банки. Показателите за ликвидноста во денари главно бележеа тренд на намалување, но сѐ уште се далеку повисоки во споредба со показателите за девизната ликвидност, поради зголемувањето на учеството на денарските ликвидни финансиски инструменти во ликвидните средства на банкарскиот систем.

## 2.3. Рочна структура на средствата и обврските

Графикон бр. 38
Структура на средствата и обврските на банките според нивната договорна преостаната рочност
во проценти




Извор: Народната банка, врз основа на податоците доставени од страна на банките.

**Засилувањето на склоноста на домашните економски субјекти за штедење на долг рок во посткризниот период, влијаеше за зголемување на учеството на обврските со преостаната рочност поголема од една година** и намалување на учеството на обврските со пократка преостаната рочност од три месеци. Овој тренд на подобрување во структурата на обврските на банките според договорната преостаната рочност продолжи и во текот на 2014 година.

**Кај средствата на банките, промените во рочната структура во анализираниот период беа со поскромно темпо.** Се забележува тренд на намалување на учеството на средствата со преостаната рочност до еден месец, што првенствено се

должи на промените во понудата на финансиски инструменти на домашниот пазар, особено на постепеното зголемување на рочноста на новите емисии на континуираните државни хартии од вредност.

Промените во рочната структура на средствата и обврските на банките во анализираниот посткризен период предизвикаа промени и кај нивниот јаз според договорената преостаната рочност, којшто се продлабочи кај рочниот сегмент до 30 дена, што главно е предизвикано од зголемување на рочноста на ликвидносните средства заради вложувањата во подолгорочни инструменти. Неусогласеноста меѓу средствата и обврските кај девизната компонента е значително поголема споредено со денарската, но во 2014 година, поради растот на ликвидните средства во девизи, дојде до намалување на јазот меѓу девизните средства и обврски според договорната преостаната рочност, посебно во рочните блокови од еден до три месеци и од три месеци до една година.

**Според очекувањата на банките, збирната разлика меѓу средствата и обврските во сите рочни сегменти е позитивна** (анекс бр. 32). Ова се должи на нивните очекувања дека голем дел од депозитите ќе останат во банките по изминувањето на нивната договорна преостаната рочност, што укажува на тоа дека банките имаат силни позитивни очекувања за стабилноста на нивниот главен извор на финансирање. Така, на 31.12.2014 година, банките очекуваат 85,1% од орочените депозити со преостаната рочност до три месеци (81,4% на 31.12.2013 година) да покажат стабилност, односно и понатаму да останат во банките.

Графикон бр. 39

Разлика меѓу средствата и обврските според нивната договорна преостанатата рочност и по рочни блокови (горе лево) и валутна структура на разликата меѓу средствата и обврските според нивната договорна преостаната рочност и по рочни блокови (горе десно)

Збирна разлика меѓу средствата и обврските за избрана преостаната рочност и по валутни карактеристики (долу лево)и релативно значење на збирната разлика меѓу средствата и обврските според нивната договорна преостаната рочност (долу десно)

во милиони денари

и процент од кумулативните средства со истата договорна преостаната рочност




Извор: Народната банка, врз основа на податоците доставени од страна на банките.

## 2.4. Стрес-тестирање - симулации на ликвидносни шокови

**Високото ниво на ликвидни средства со кое располагаат македонските банки, овозможува намирување и на претпоставени екстремни ликвидносни одливи.** Ваквиот ликвидносен шок подразбира, во временска рамка од 30 дена, комбинација на низа одливи на изворите на финансирање[33] надвор од

[33] При симулацијата се претпоставува одлив на депозитите на дваесетте најголеми депоненти, на 20% од депозитите на населението, на обврските кон матичните субјекти со исклучок на обврските врз основа на субординирани инструменти и хибридни капитални инструменти коишто се исклучени од симулацијата бидејќи согласно со регулативата за пресметка на адекватноста на капиталот евентуална нивна предвремена исплата е предмет на ограничување, на 50% од обврските кон

Графикон бр. 40
Намалување на ликвидните средства при симулацијата за комбинирани ликвидносни шокови
во проценти




Извор: пресметки на Народната банка, врз основа на податоците доставени од страна на банките.

Графикон бр. 41
Придонес на одделните комбинирани шокови во намалувањето на ликвидните средства при симулацијата за комбиниран ликвидносен шок
како процент на намалување на ликвидните средства




Извор: Народната банка, врз основа на податоците доставени од страна на банките.

банките. На ниво на банкарскиот систем, ваквиот екстремен ликвидносен удар би ги апсорбирал ликвидните средства речиси во целост (95,9%). По спроведената симулација, учеството на ликвидните средства во вкупните средства на банкарскиот систем би изнесувало 1,8%, додека покриеноста на краткорочните обврски[34] со ликвидни средства би била 3,5%. Анализирано по одделни банки, на осум банки, чиешто учество во вкупните средства на банкарскиот систем на крајот од 2014 година изнесува 29,0%, би им биле потребни дополнителни 12.338 милиони денари за премостување на овој исклучително екстремен ликвидносен одлив. Кај останатите шест банки, после овој интегриран ликвидносен шок, учеството на ликвидните средства во вкупните средства би изнесувало од 3,7% до 14,9%, додека покриеноста на краткорочните обврски со ликвидни средства би се движела од 7,1% до 22,0%. Доколку за потребите на оваа симулацијата се прошири опфатот на ликвидните средства со други финансиски инструменти[35] во сопственост на банките, за кои може да се претпостави дека во временски хоризонт од 30 дена би можеле да се наплатат или конвертираат во ликвидни средства, тогаш намалувањето на ликвидните средства на ниво на банкарски систем при оваа симулација би изнесувало 86,2%. Најголемо намалување на ликвидните средства се случува при симулацијата за одлив на депозитите на дваесетте најголеми депоненти, што укажува на тоа дека и покрај трендот на намалување на концентрацијата на депозитите во посткризниот период, сепак и понатаму постои простор за напредок на овој

нерезидентите (со исклучок на обврските кон нерезидентните матични лица на банките, коишто се веќе опфатени со една од претходните симулации) и конверзија на определени вонбилансни обврски на банките (непокриени акредитиви, неотповикливи кредитни линии и неискористените лимитите по основ на кредитни картички и одобрени пречекорувања на трансакциски сметки) во билансни побарувања. При спроведувањето на симулациите за ликвидносни шокови изземена е „Македонската банка за поддршка на развојот“ АД Скопје, поради законското ограничување за настап на депозитниот пазар и оттука, при презентацијата на резултатите сите показатели се прикажани со изземање на оваа банка.

[34] При симулациите се претпоставува дека одливите кај одделните шокови се пропорционални на договорната рочна структура на одделните извори на финансирање за кои е претпоставен одливот на 31.12.2014 година. Вака добиената рочна структура на претпоставените одливите служи за пресметка на краткорочните обврски после симулираните одливи.

[35] При ова проширување на опфатот на ликвидните средства, покрај финансиските инструменти што ги сочинуваат ликвидните средства, се додаваат и следните финансиски инструменти од билансот на банките: долгорочните депозити во странски банки, инструменти на пазарот на пари издадени од нерезиденти, странски државни обврзници, кредити со договорна преостаната рочност до 30 дена, како и ефектот од намалувањето на задолжителната резерва за девизните обврски на банките којашто е издвоена во девизи заради одливот на девизните депозити на населението.

план кај дел од банките. Симулацијата на остварувањето на репутацискиот ризик и губење на довербата на населението во банките претставена преку одлив на 20% од депозитите на населението, може да ги ограничи можностите за раст на активностите на банките. Малото учество во вкупната структура на изворите на финансирање на обврските кон нерезидентите, како и на изворите на финансирање од матичните лица, предизвикува скромно влијание на шоковите поврзани со нив, врз вкупниот резултат од оваа симулација.

## 3. Валутен ризик

**Изложеноста на банкарскиот систем во Република Македонија на валутен ризик е мала, и покрај проширувањето на јазот меѓу активата и пасивата со валутна компонента и на неговото учество во сопствените средства на банките. Соодносот меѓу агрегатната девизна позиција и сопствените средства и натаму е во рамки на пропишаниот лимит, кај сите банки (30% од сопствените средства на банките). На меѓународните девизни пазари, вредноста на еврото забележа пад во однос на останатите светски валути, но овие движења немаат позначително влијание врз стабилноста на македонскиот банкарски систем, со оглед на примената на стратегијата на одржување стабилен девизен курс на денарот во однос на еврото и доминацијата на оваа валута во позициите со валутна компонента на банките. Така, ниту апрецијацијата на вредноста на американскиот долар во изминатите неколку години (особено присутна од април 2014 година), ниту пак, неодамнешното ненадејно зголемување на вредноста на швајцарскиот франк (во јануари 2015 година) немаа позначителни ефекти врз домашниот банкарски систем.**

**На 31.12.2014 година, јазот меѓу активата и пасивата со валутна компонента се прошири** за 695 милиони денари и на крајот на годината изнесуваше 7.599 милиони денари. Ова проширување на јазот произлегува од побрзиот раст на активата со валутна компонента (за 4.298 милиони денари)[36] во однос на пасивата со валутна компонента (за 3.603 милиони денари).[37]

Графикон бр. 42 Годишна промена на активата и пасивата со валутна компонента

во милиони денари | во проценти




Извор: НБРМ, врз основа на податоците доставени од страна на банките.

[36] Растот на активата со валутна компонента произлегува од зголемените пласмани на банките во тековни сметки и депозити кај странски банки и од порастот на кредитите во странска валута.

[37] Зголемувањето на тековните сметки и депозитите по видување со валутна компонента, од нефинансиски друштва и од физички лица, даде најголем придонес во годишниот раст на пасивата со валутна компонента.

И покрај тоа што во последните две години се забележува раст на активата и пасивата со валутна компонента, нивното учество во вкупната актива бележи континуиран пад, што е очигледен показател за **денаризацијата на банкарските активности**. Така, во 2014 година, растот на активата и пасивата со валутна компоненета е за по околу четири пати помал од растот на вкупната актива.

**Со проширувањето на јазот меѓу активата и пасивата со валутна компонента, во 2014 година се зголеми и неговото учество во сопствените средства на банките** (за 1,7 процентни поени) и изнесува 17,5%.

Графикон бр. 43 Структура на јазот меѓу активата и пасивата со валутна компонента (лево) и учество на активата и пасивата со валутна компонента* во вкупната актива на банките

во милиони денари




Извор: НБРМ, врз основа на податоците доставени од страна на банките.

* Во рамките на активата, кредитите се земени на нето-основа, односно се намалени за износот на извршената исправка на вредноста. „МБПР" АД Скопје не е земена предвид.

На листата на избрани шестнаесет земји[38], банкарскиот систем на Република Македонија е меѓу земјите со повисоко

[38] Избрани се земји од ЕУ, коишто се надвор од евро-зоната.

учество на отворената девизна позиција во регулаторниот капитал. Овој показател е понизок единствено во банкарските системи на три земји (Украина, Унгарија и Естонија). Сепак, соодносот меѓу агрегатната девизна позиција и сопствените средства е во рамки на законски пропишаниот лимит од 30% кај сите домашни банки. Исто така, веројатноста за остварување на преземениот валутен ризик е релативно ниска имајќи ја предвид доминацијата на еврото во активата и пасивата со валутна компонента на банките, во услови на примена на монетарна стратегија на стабилен девизен курс на денарот во однос на оваа валута.

Графикон бр. 44 Учество на јазот меѓу активата и пасивата со валутна компонента во сопствените средства (лево) и сооднос меѓу отворената девизна позиција и сопствените средства, по одделни земји (десно)




Извор: НБРМ, врз основа на податоците доставени од страна на банките; ММФ (показатели за финансиска стабилност).

Забелешка: Податоците за Македонија, Украина и Хрватска се однесуваат за 31.12.2014 година, додека за сите останати земји податоците се однесуваат за 30.9.2014 година.

Очекувањата за преземање мерки на т.н. квантитативно олеснување од страна на ЕЦБ во 2015 година, но и за зголемување на каматните стапки од страна на ФЕД, предизвикаа позначително зголемување на вредноста на американскиот долар во однос

Графикон бр. 45 Динамика и структура на јазот меѓу активата и пасивата со валутна компонента, по валути

во милиони денари




Извор: НБРМ, врз основа на податоците доставени од страна на банките.

на еврото, почнувајќи од април, 2014 година[39]. Имајќи ја предвид директната зависност на меѓувалутарните односи на денарот со останатите валути, од движењата на курсот на еврото на меѓународните девизни пазари, слабеењето на вредноста на еврото предизвика соодветно намалување и на вредноста на македонскиот денар во однос на доларот. Сепак, ваквите движења немаат позначајно влијание врз домашниот банкарски систем, со оглед на **малата застапеност на американскиот долар во билансите на банките.** Така, на 31.12.2014 година, американскиот долар е присутен со околу 2,5% во вкупните средства на банките и со околу 3% на страната на пасивата. Меѓу пласманите во американски долари најзастапени се тековните сметки и депозитите кај странски банки (на кои отпаѓаат околу 63% од вкупната актива со доларска компонента), а на страната на обврските доминираат депозитите од физички лица (со учество од 52,4% во вкупната пасива со доларска компонента). Кредитите со доларска компонента[40] учествуваат со околу 1,3% во вкупните кредити на банките, додека обврските во вид на депозити и тековни сметки со доларска компонента претставуваат околу 3,8% од вкупните депозити и тековни сметки кај банките. На 31.12.2014 година, банкарскиот систем, на агрегирано ниво, има кратка отворена девизна позиција во американски долари, на која отпаѓаат само 0,1% од капиталот и резервите на банките (негативниот јаз меѓу активата и пасивата со доларска компонента е нешто поголем и учествува со околу 4% во вкупниот капитал и резерви).

[39] Вредноста на американскиот долар апрецира во однос на еврото и некои други светски валути, веќе неколку години наназад, што произлегува од подобрите остварувања на американската економија во посткризниот период, во споредба со нејзините најзначајни трговски партнери (ЕУ и Јапонија) и последователно подобрениот трговски биланс, редуцирањето на буџетскиот дефицит, како и повисоките каматни стапки во споредба со некои други развиени земји.

[40] Најголем дел од кредитите со доларска компонента одобрени на нефинансиски лица, отпаѓаат на правните лица (99,0%), а само 1% се одобрени на домаќинства. Меѓу правните лица најголемо е учеството на кредитите со доларска компонента одобрени на лица коишто се занимаваат со производство на метали, машини, алати и опрема (68,5%), а по нив следат градежните компании (9,3%), трговците на големо и мало (7,8%), правните лица коишто се занимаваат со рударство и вадење камен (7,2%), итн..

Графикон бр. 46 Движење на курсот на денарот во однос на американскиот долар

во денари во проценти




Извор: НБРМ

Со користење на месечна фрекфенција на податоци за девизните позиции на банките во американски долари[41] се проценува дека, за периодот од 30.4.2014-31.12.2014 година, банкарскиот систем, на агрегирано ниво, прокнижи расходи врз основа на курсни разлики од позициите во долари, во вкупна вредност од околу 136 милиони денари (1,1% од вкупните некаматни расходи за 2014 година). Анализирајќи по поединечна банка, овие расходи не надминуваат 72 милиона денари, а кај одделни банки се забележуваат и приходи по курсни разлики од позициите во американски долари, но станува збор за мали износи. Исто така, треба да се има предвид и можноста за материјализација на изложеноста на банките на индиректен кредитен ризик, поради евентуална отежната наплата на кредитите во американски долари пласирани кај клиенти чиишто приходи не се врзани со курсот на американскиот долар (поради зголемената денарска противвредност на задолженоста на клиентите во американски долари). Сепак, кредитното портфолио на банките со доларска компонента е квалитетно, и на 31.12.2014 година, учеството на нефункционалните во вкупните кредити во долари, одобрени на нефинансиски субјекти изнесува само 1,8% (на 31.3.2014 година, ова учество изнесуваше 4,5%).

Табела бр. 1 Валутна структура на активата и пасивата со валутна компонента

во проценти

| Валута | 31.12.2013 | | 31.12.2014 | |
|---|---|---|---|---|
| | Актива | Пасива | Актива | Пасива |
| **Евро** | 88,8 | 88,4 | 89,1 | 87,9 |
| **Американски долар** | 6,8 | 7,3 | 6,1 | 7,4 |
| **Швајцарски франк** | 2,3 | 2,1 | 2,3 | 2,2 |
| **Останато** | 2,2 | 2,2 | 2,5 | 2,5 |
| **Вкупно** | **100,0** | **100,0** | **100,0** | **100,0** |

Извор: НБРМ, врз основа на податоците доставени од страна на банките.

**Швајцарскиот франк е уште помалку застапен во активностите на банките па затоа** ефектите од неодамнешната позначителна апрецијација на

[41] Пресметките се вршени со користење месечна фреквенција на податоци за позициите на банките во американски долари.

Графикон бр. 47 Движење на курсот на денарот во однос на швајцарскиот франк

во денари во проценти




Извор: НБРМ

вредноста на оваа валута[42] врз работењето на домашните банки се уште послаби, во споредба со оние од апрецијацијата на вредноста на американскиот долар. Имено, на 31.12.2014 година, само по околу 1% од вкупните средства и обврски на банките имаат валутна компонента во франци. Најголемиот дел (или околу 97%) од пласманите во швајцарски франци се во форма на тековни сметки и депозити во банки, а на страната на обврските во швајцарски франци, најзастапени се тековните сметки и другите краткорочни обврски (33,1%) и депозитите на физичките лица (32,4%). Кредитите со валутна компонента во франци учествуваат во вкупните кредити[43] на банките со околу 0,1%, додека депозитите и тековните сметки со валутна компонента во франци претставуваат околу 0,8% од вкупните депозити и тековни сметки пласирани кај банките. На 31.12.2014 година, банкарскиот систем, на агрегирано ниво, има долга отворена девизна позиција во швајцарски франци, на која отпаѓа само 0,1% од капиталот и резервите на банките (позитивниот јаз меѓу активата и пасивата со валутна компонента во франци учествува со околу 1% во вкупниот капитал и резерви).

Во јануари, 2015 година, банкарскиот систем, на агрегирано ниво, прокнижи приходи по курсни разлики од позициите во швајцарски франци, во вкупна вредност од околу 23 милиони денари. Анализирано по поединечна банка, овие приходи не надминуваат 12 милиони денари, а кај одделни банки се забележуваат и некои поситни износи на расходи од курсни разлики од позициите во швајцарски франци. Негативните ефекти од евентуално остварување на индиректниот кредитен ризик

[42] Во јануари 2015 година, централната банка на Швајцарија ја напушти политиката на интервенции на девизниот пазар за одржување на вредноста на франкот во однос на еврото. По донесувањето на оваа одлука, девизниот курс на швајцарскиот франк силно апрецира во однос на еврото, за набрзо неговата вредност во однос на еврото да се стабилизира, но на нешто повисоко ниво во споредба со претходно.

[43] Најголем дел од кредитите со компонента во швајцарски франци одобрени на нефинансиски лица, отпаѓа на правните лица (70,8%), а преостанатите 29,2% им се одобрени на домаќинствата. Меѓу правните лица, најголемо е учеството на кредитите одобрени на трговците на големо и мало (68,0%), следени од транспортните претпријатија (28,9%). Во портфолиото составено од домаќинства, најголемо е учеството на потрошувачките кредити со валутна компонента во швајцарски франци (95,4%), а остатокот се претежно станбени кредити.

врз домашните банки се маргинални, со оглед на малата застапеност на кредитите пласирани во швајцарски франци.

Табела бр. 2 Рапределба на банките според учеството на отворената девизна позиција по одделни валути и агрегатната девизна позиција во сопствените средства

| Опис | Број на банки | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Отворена девизна позиција по одделни валути/сопствени средства | | | | | | | | Агрегатна девизна позиција/сопствени средства |
| | Евро | | Американски долар | | Швајцарски франк | | Останато | | |
| | Долга | Кратка | Долга | Кратка | Долга | Кратка | Долга | Кратка | |
| **под 5%** | 3 | 1 | 9 | 5 | 10 | 3 | 13 | 1 | 4 |
| **од 5% до 10%** | 1 | | | | | | | | 1 |
| **од 10% до 20%** | 3 | | | | | | | | 3 |
| **од 20% до 30%** | 6 | | | | | | | | 6 |
| **над 30%** | | | | | | | | | |

Извор: НБРМ, врз основа на податоците доставени од страна на банките.

**Агрегатната девизна позиција е во границите на пропишаниот лимит** (30% од сопствените средства).

## 4. Ризик од промена на каматните стапки во портфолиото на банкарски активности

**Изложеноста на банките во Република Македонија на ризикот од промена на каматните стапки во портфолиото на банкарски активности порасна во 2014 година, но сè уште е незначителна во споредба со изложеноста на останатите ризици со кои се соочуваат тие при своето работење. Соодносот помеѓу вкупната пондерирана вредност на портфолиото на банкарските активности и сопствените средства двојно се зголеми, како резултат на зголемените долгорочни средства на банките со фиксни каматни стапки, што за банките преставува ризик за „губење" приходи од овие позиции доколку каматните стапки на пазарот се зголемат. Сепак, овој ризик речиси во целост го неутрализира широката застапеност на позициите со каматна стапка која банките можат еднострано да ја променат.**

Графикон бр. 48
Структура и состојба на каматочувствителните средства и обврски, според типот на каматните стапки
во милиони денари




Извор: Народната банка, врз основа на податоците доставени од страна на банките.

**Каматочувствителните средства и обврски во билансите на банките, на 31.12.2014 година забележаа годишен раст од 0,1% и 8,5%, соодветно, кој во најголем дел се должи на позициите со прилагодливи каматни стапки[44].** Позициите со прилагодливи каматни стапки го зајакнаа своето учество во структурата на каматочувствителните средства и обврски како резултат на порастот на кредитите и депозитите со прилагодливи каматни стапки[45].

**Втори по учество во вкупните каматочувствителни средства и обврски се позициите со фиксна каматна стапка[46].** Позициите со фиксна каматна стапка на страната на средствата забележаа годишно намалување од 9,6% што беше резултат на промената на Одлуката за задолжителната резерва[47]. Доколку се исклучи ефектот на задолжителната резерва, каматочуствителните средства со фиксна каматна стапка се

---

[44] Прилагодлива каматна стапка - каматна стапка чијашто висина се менува врз основа на одлука на банката, а не врз основа на одредена референтна каматна стапка или индекс. Со еднострано прилагодливите каматни стапки, банките го пренесуваат сопствениот ризик од промена на каматните стапки, врз своите клиенти, а можат да служат и како инструмент за управување со ликвидноста и профитабилноста од страна на банките.

[45] Кредитите и депозитите со прилагодлива каматна стапка на 31.12.2014 година годишно пораснаа за 8% и 10,6%, соодветно и зафатија 46,9% и 44,6%, соодветно во структурата на вкупната каматоносната актива, односно пасива на банките, односно 98,4% и 58,7%, соодветно од вкупните билансни позиции со прилагодливи каматни стапки.

[46] Фиксна каматна стапка - каматна стапка којашто за целиот период останува непроменета, односно банката нема право да ја менува висината на каматната стапка, којашто е номинално утврдена во договорот.

[47] Со Одлуката за изменување на Одлуката за задолжителната резерва („Службен весник на РМ" бр. 166/2013), почнувајќи од 1.1.2014 година, Народната банка не плаќа надомест на издвоената задолжителна резерва (стапката на надомест претходно изнесуваше 1% на задолжителната резерва во денари и 0,1% на задолжителната резерва во евра). Со оваа измена банките повеќе не прикажуваа издвоена задолжителна резерва (која е 3,1% од вкупната актива на ниво на банкарскиот систем) како каматочувствителна позиција со фиксна каматна стапка.

Графикон бр. 49
Структура и состојба на каматочувствителните средства (горе) и обврски (долу), според ставките во билансот на состојба и типот на каматните стапки
во милиони денари







Извор: Народната банка, врз основа на податоците доставени од страна на банките.

зголемуваат за 9,5% како резултат на годишниот пораст на кредитите и пласманите во орочени депозити со фиксна каматна стапка од 15,3% и 49,9%, соодветно. Од друга страна, каматочувствителните обврски со фиксни каматни стапки годишно се намалија за 4,2% поради намалувањето на орочените депозити за 7,7%. **Кај позициите со променлива (варијабилна) каматна стапка[48] во изминатата година нема значителни промени.**

**Во структурата на каматочувствителните средства, кредитите имаа највисоко учество и најголем годишен раст во однос на останатите позиции.** Она што е карактеристично за последните неколку години е понудата на банките на станбени и потрошувачки кредити со релативно ниска фиксна каматна стапка за првите неколку години од отплатата на кредитот[49]. Последователно, кредитите со фиксна каматна стапка пораснаа за 15,3%, за што најмногу придонесоа кредитите кон домаќинствата. Притоа, значаен дел од овој раст отпаѓа на позициите со фиксни каматни стапки во првите неколку години, кои според регулативата[50] имаат третман на позиции со фиксна каматна стапка. Во годишниот раст на кредитите со фиксни каматни стапки кон секторот „домаќинства", потрошувачките кредити придонесоа со 73%, додека станбените кредити со 28%.

---

[48] Променлива (варијабилна) каматна стапка - каматна стапка којашто е директно зависна од одредена референтна каматна стапка (ЕУРИБОР, ЛИБОР, СКИБОР и сл.) зголемена за одредена каматна маргина, согласно со актите на банката. Промената на каматната стапка зависи од промената на висината на референтната каматна стапка, но и од промената на утврдената маргина (главно според еднострана одлука на банката).
Каматочувствителните средства и обврски со променлива каматна стапка годишно пораснаа за 5,1% и 0,3%, соодветно и зафатија 9,5% и 4,1%, соодветно во структурата на вкупната каматочувствителните актива и пасива.

[49] По истекот на периодот во кој каматната стапка е определена како фиксна, банката може да го промени видот на каматната стапка, при што најчесто на овие позиции би се применувала каматната стапка утврдена според каматната политика на банката, важечка на денот на истекот на овој период, односно овие позиции би станале позиции со прилагодлива каматна стапка.

[50] Според Упатството за спроведување на Одлуката за управување со ризикот од промена на каматните стапки во портфолиото на банкарски активности („Службен весник на Република Македонија" бр. 39/2010), позициите кај кои каматната стапка е фиксна за определен временски период, а не за целиот период до нивниот рок на достасување, имаат третман на позиции со фиксна каматна стапка. По истекот на временскиот период во кој каматната стапка е фиксна, должна е да ги прикаже овие позиции со соодветната каматна стапка (променлива или прилагодлива).

Графикон бр. 50
Каматочувствителни средства и обврски, според рочноста и типот на каматната стапка
во милиони денари




Извор: Народната банка, врз основа на податоците доставени од страна на банките.

Графикон бр. 51
Јаз помеѓу каматочувствителните средства и обврски (нето билансна позиција), според типот на каматната стапка
во милиони денари




Извор: Народната банка, врз основа на податоците доставени од страна на банките.

**Во структурата на каматочувствителните обврски** преовладуваат депозитите, кои зафаќаат 64,9% и 58,7% од пасивата на банките со прилагодлива и фиксна каматна стапка, соодветно.

**Анализирано според рочноста, прилагодливите каматни стапки го имаат главното место речиси во сите рочни сегменти од каматочувствителните средства и обврски до една година**[51]. Примената на овој тип каматни стапки го неутрализира ризикот за банките од промена на каматните стапки во портфолиото на банкарски активности. На подолг рок (над една година) преовладуваат средствата и обврските со фиксна каматна стапка. Кај средствата тоа се должи на претходно споменатите кредити на подолг рок со фиксна каматна стапка во првите неколку години, кои, според регулативата, во полн износ имаат третман на средства со фиксна камата сè до истекот на овој период, по кој најчесто стануваат позиции со прилагодлива камата. Во пасивата со фиксни каматни стапки (над една година), преовладуваат орочените депозити кон нефинансиските субјекти.

**На 31.12.2014 година јазот меѓу каматочувствителните средства и обврски за првпат во последните пет години има негативен предзнак и изнесува 5,4 милиони денари.** Негативниот јаз е резултат на два фактора: годишен раст, од 26,4%, на јазот со прилагодлива каматна стапка (поради поголемиот раст на депозитите во однос на растот на кредитите), и намалување на позитивниот јаз во фиксна каматна стапка за 17,2% (заради исклучувањето на издвоената задолжителна резерва од каматочувствителните средства). Позитивниот јаз меѓу каматочувствителните позиции со променлива каматна стапка

[51] Исклучок претставуваат каматочувствителните средства во рочниот сегмент до еден месец, кај кои преовладуваат позициите со фиксна каматна стапка како резултат на пласманите на банките во хартии од вредност. Во истиот рочен сегмент, на страната на пасивата, трансакциските сметки односно обврските по видување со прилагодлива каматна стапка зафаќаат најголем дел.

Графикон бр. 52
Јаз меѓу нето билансните позиции и нивниот пресметан тренд, според типот на каматната стапка
во милиони денари




Извор: Народната банка, врз основа на податоците доставени од страна на банките.

Графикон бр. 53
Пондерирана вредност (лева скала) и однос на вкупната пондерирана вредност на портфолиото на банкарски активности и сопствените средства (десна скала), според типот на каматната стапка
во милиони денари и во проценти




Извор: Народната банка, врз основа на податоците доставени од страна на банките.

дополнително се прошири, најмногу заради годишниот раст на средствата на кореспондентните сметки во странски банки.

**Анализата на јазот во однос на неговиот тренд[52] во последните пет години, покажа дека во 2014 година јазот значително се зголемил и тоа во „негативна“ насока.** Ова отстапување од досегашниот нагорен тренд се должи на позициите на банките со фиксни каматни стапки, односно на промената на Одлуката за задолжителната резерва. Сепак, дури и да се изостави ефектот на задолжителната резерва од анализата, има негативното отстапување на вкупната нето-билансна позиција од пресметаниот тренд за последните пет години кое се должи на нето-билансните позиции со прилагодлива каматна стапка.

**Во 2014 година, соодносот помеѓу вкупната пондерирана вредност на портфолиото на банкарските активности[53] и сопствените средства, двојно се зголеми (од 2,4% на крајот на 2013 година, на 4,4% на крајот на 2014 година), но е далеку под определениот максимум од 20%.** Порастот на овој соднос се должи на годишниот раст на пондерирана вредност на банкарските активности (за 84,1%), којшто во целост е резултат на порастот на нето-пондерираната вредност на позициите со фиксна каматна стапка (што пак се должи на зголемената рочност на активните позиции, објаснето во претходниот текст), но се должи и на годишното намалување на сопствените средства на банките.

---

[52] Трендот на пондерираната вредност е пресметан со користење на Ходрик-Прескотовиот филтер со ламда 1600 (препорачана вредност за квартални податоци). Ходрик-Прескотовиот филтер се пресметува според наведената формула, каде што $\mu_t$ е трендот, $y_t$-$\mu_t$е цикличната компонента, додека ламда - $\lambda$ го претставува степенот на „рамномерност“ на трендот

$$\min \sum_{t=1}^{T} \{(y_t - \mu_t)^2 + ((\mu_{t+1} - \mu_t) - (\mu_t - \mu_{t-1}))^2\}$$

[53] Вкупната пондерирана вредност на портфолиото на банкарски активности ја прикажува промената на економската вредност на ова портфолио како резултат на оцената за промената на каматните стапки со користење стандарден каматен шок (паралелна позитивна или негативна промена на каматните стапки за 200 основни поени). Вкупната пондерирана вредност на портфолиото на банкарски активности на ниво на банкарскиот систем се добива со агрегирање на пондерираните вредности на портфолиото на банкарски активности на одделните банки.

Графикон бр. 54
Јаз меѓу пондерираната вредност на портфолиото на банкарски активности и нејзиниот тренд
во милиони денари




Извор: Народната банка, врз основа на податоците доставени од страна на банките.

**Позитивниот јаз помеѓу износот на нето пондерираната вредност на портфолиото на банкарски активности на 31.12.2014 година и пресметаниот тренд во 2014 година, во најголем дел се должи на позициите со фиксни каматни стапки, поради повисокиот годишен пораст на нето пондерираната билансна позиција со фиксни каматни стапки.** Пондерираната вредност на портфолиото на банките со фиксни каматни стапки во најголем дел е детерминирана од кредитите со резидуална рочност на достасување од 5 до 10 години[54], коишто се пондерираат и со повисок пондер при утврдувањето на пондерираната вредност.

[54] Станува збор за кредитите со фиксна каматна стапка во првите неколку години од отплатата на кредитот, коишто во почетокот во целост се пријавуваат како позиции со фиксна каматна стапка, иако по изминувањето на периодот на непроменливост, може да се промени видот на каматната стапка.

## 5. Ризик од несолвентност

**Стабилната солвентна позиција и двојно повисоката стапка на адекватност на капиталот во споредба со пропишаниот минимум се темелот на стабилноста и отпорноста на банкарскиот систем на Република Македонија. Во 2014 година, показателите за солвентноста и капитализираноста на банкарскиот систем бележат извесно намалување, што произлегува од пресметковното намалување (согласно со регулативата) на износот на субординираните инструменти, како и забавувањето на растот на останатите категории капитални позиции. Исто така, забрзувањето на растот активностите на банките, и покрај нивната намалена ризичност, создаде потреба за повисоки капитални барања за покривање на ризиците, коишто беа покриени преку ангажирање на „слободниот" капитал на банките, акумулиран во изминатиот период. Резултатите од спроведеното стрес-тестирање покажуваат задоволителна отпорност на банкарскиот систем, иако кај поединечни банки се воочува хипотетичка потреба за докапитализација при симулираните екстремни шокови.**

Графикон бр. 55
Показатели за солвентноста (горе) и годишни стапки на промена на компонентите на показателите (долу)
во проценти




Извор: Народната банка, врз основа на податоците доставени од страна на банките.

### 5.1. Показатели за солвентноста и капитализираноста на банкарскиот систем и ниво на ризичност на активностите

**Во 2014 година, показателите за солвентноста и капитализираноста на банкарскиот систем се доближија до нивоата регистрирани во преткризната 2008 година[55]. Стапката на адекватност на капиталот се спушти до 15,7%, но и натаму е далеку повисока во споредба со законски пропишаниот минимум од 8%.** Годишниот раст кај капиталните позиции е под минимумот остварен во последните седум години, а сопствените средства, за прв пат во анализираниот период, бележат годишен пад. После неколкугодишното последователно намалување на годишните стапки на раст, активностите на банкарскиот систем во 2014 година бележат извесно заживување, но сепак нивниот раст е, и натаму, под нивото остварено во преткризниот период.

[55] Во вториот и третиот квартал од 2008 година, поради зголемените активности на банките, стапката на адекватност на капиталот изнесуваше 15,6% и 15%.

Графикон бр. 56
Ниво на задолженост (левериџ), ризичност и солвентност на банкарскиот систем




Извор: Народната банка, врз основа на податоците доставени од страна на банките.

Графикон бр. 57
Износ и структура на вкупната билансна и вонбилансна изложеност, според пондерите на ризичност**

во милиони денари во проценти




Извор: Народната банка, врз основа на податоците доставени од страна на банките.

Забелешка: * Просечниот пондер на ризичност е пресметан како соодност меѓу активата пондерирана според кредитниот ризик и вкупната билансна и вонбилансна изложеност на банкарскиот систем.

** При споредба на презентираните податоци за одделните датуми, треба да се има предвид дека во 2008 година беше воведен пондер на ризичност од 125% за побарувањата од физички лица, врз основа на дозволени (искористени и неискористени) пречекорувања на трансакциски сметки и кредитни картички. Овој пондер на ризичност беше во важност до 2011 година. Во 2012 година, регулативата за утврдување на капиталните барања за покривање на кредитниот ризик беше променета во насока на примена на стандардизираниот пристап од капиталната спогодба Базел 2, со што, меѓудругото, беа воведени повеќе нови пондери на ризичност и категории на изложеност.

**После позначителното зголемување на ризичноста на банкарските активности во 2008 година, соодносот меѓу регулаторниот основен капитал и активата пондерирана според ризиците се спушти на ново "рамнотежно" ниво, од 14%, околу кое продолжи да осцилира во наредниот период.** Почнувајќи од 2008 година, банкарскиот систем одржува речиси стабилно ниво на солвентност, преку раст на активностите но намалување на степенот на нивната ризичност, со истовремено постепено подигнување на нивото на задолженост (левериџ). Имено, после позначителниот кредитен раст во преткризниот период и зголеменото ниво на ризичност на банкарските активности, следеше период на постепено намалување на ризичната содржина на банкарските активности (мерена како соодност меѓу активата пондерирана според ризиците и вкупната, сметководствена актива). Истовремено, капиталните позиции бележат уште побавна динамика, во споредба со, и онака забавената (и помалку ризична) активност на банкарскиот систем, што резултира со извесно подигнување на нивото на задолженост на банкарскиот систем (мерено како соодност меѓу активата и основниот капитал пред одбитни ставки), што покажува дека банките ги финансирале овие активности преку прибраните депозити.

**Нивото на ризичност на банкарските активности (мерено како соодност меѓу активата пондерирана според кредитниот ризик и вкупната билансна и вонбилансна изложеност) е во постојан пад од 2008 година, и се спушти, од 66,7%, до 53%, на крајот од 2014 година.** Во 2014 се забележува позначително заживување на активностите коишто се сметаат за поризични (со пондер на ризичност од 100%), чијшто годишен раст (16,3 милијарди денари, или за 8,8%) е двојно повисок од растот во 2013 година. Сепак, истовремено и активностите коишто согласно со регулативата се сметаат за безризични

Графикон бр. 58

Зет индекс за банкарскиот систем

во нивоа (зет-индекс) и во проценти (придонес на компонентите на зет-индексот)




Извор: Народната банка, врз основа на податоците доставени од страна на банките.

Графикон бр. 59

Статистички мерки за стапката на адекватност на капиталот

во проценти




Извор: Народната банка, врз основа на податоците доставени од страна на банките.

(имаат пондер на ризичност од 0%) забележаа солиден раст (од 6,2 милијарди денари, или за 5,5%), којшто е далеку повисок во споредба со зголемувањето остварено во 2013 година (0,1 милијарда денари, или за 0,1%). Дополнително, активностите со релативно пониски пондери, од 35% и 50%, забележаа највисок процентуален раст во 2014 година, од 74,9% и 38,0%, соодветно, што, исто така, придонесе за намалување на просечното ниво на ризичност на банкарските активности.

**По извесното влошување на севкупната стабилност на банкарскиот систем, мерена преку т.н. зет-индекс (анг. Z-index)[56], во периодот од 2007 - 2010 година, таа бележи значително подобрување во изминатите четири години.** Сепак, по достигнатиот максимум во 2013 година, зет-индексот бележи извесен пад во 2014 година, што произлегува од намалувањето на стапката на капитализираност на банкарскиот систем, но и од нешто поголемата променливост на банкарските профити во 2014 година (мерена преку стандардната девијација од стапката на поврат на просечната актива).

**Пазарната консолидација и извесното подигнување на нивото на активности на помалите банки доведоа до постепено редуцирање на екстремно високите нивоа на адекватност на капиталот, присутни кај некои од нив.** Така, во изминатиот седумгодишен период се забележува засилена конвергенција на домашните банки, според висината на стапката на адекватност на капиталот. Имено, разликата меѓу банката со највисока и банката

[56] Зет-индексот се пресметува на следниов начин: $\boldsymbol{Z} = \frac{\boldsymbol{ROA+E/A}}{\boldsymbol{\sigma(ROA)}}$, каде што *ROA* претставува стапка на поврат на активата, *E* се капиталот и резервите, *A* ја претставува активата, а *σ(ROA)* претставува стандардна девијација од стапката на поврат на активата, пресметана за последните три години. Оваа мерка во себе комбинира повеќе показатели: показател за перформансите, профитабилноста на банките (*ROA*), показател за нивото на ризици во банкарското работење (*σ(ROA)*) и мерка за стабилноста и солвентноста на банките (*E/A*). Вака пресметан, зет-индексот го мери „растојанието“ на банката од целосно исцрпување на нејзиниот капитален потенцијал, изразено во број на стандардни девијации од стапката на поврат на активата и претставува мерка за капацитетот на банките за апсорбирање загуби. Повисоките нивоа на овој индекс упатуваат на пониско ниво на ризик и повисоко ниво на севкупна стабилност на банките. Зет-индексот вообичаено се изразува во логаритамска форма (природен логаритам од претходно дадената формула), но полесно се интерпретира и е поиндикативен кога е изразен во нивоа.

Графикон бр. 60
Трошок (цена) на капиталот на четирите најголеми банки во системот*
во проценти




Извор: Народната банка, врз основа на податоците доставени од страна на банките.
* Забелешка: Пресметан е како просек од трошокот на капитал утврден со примена на два метода за утврдување на цената на капиталот: „Capital-Asset Pricing Model" (CAPM) и „Earnings Yield" (EY). Со примена на CAPM, цената на капиталот се утврдува како збир од безризичната стапка на принос и производот од бета коефициентот за акцијата и разликата меѓу пазарната стапка на принос и безризичната стапка на принос. При примена на EY, цената на капиталот се утврдува како соодност меѓу добивката по акција и пазарната цена на акцијата. Банките се нумерирани по случаен избор.

Графикон бр. 61
Соодност меѓу пазарната цена и книговодствената вредност на акциите за четирите најголеми банки во системот
во нивоа




Извор: Народната банка, врз основа на податоците доставени од страна на банките.

со најниска адекватност на капиталот се намали за околу 100 процентни поени, а интерквартилната разлика е помала за речиси 40 процентни поени. Истовремено, минималното ниво на стапката на адекватност на капиталот, регистрирано кај поединечна банка, е релативно стабилно и се движи во интервалот од 10 - 12%.

После позначителното раздвижување на домашниот пазар на капитал во преткризниот период, почнувајќи од крајот на 2007 година, следеше период на постепено „издишување" на шпекулативните ценовни меури, проследен со заслабен интерес на инвеститорите за тргување со акции и последователно намален берзански промет. Ваквите движења не ги одбегнаа ниту акциите на банките со кои се тргува на Македонската берза, чиишто пазарни цени забележаа позначителни надолни корекции. **Така, на крајот од 2014 година, пазарната цена на акциите на четирите најголеми банки во системот е пониска од 20 до 50% од соодветната книговодствената вредност по акција, а инвеститорите во акциите на овие банки, со исклучок на една банка, подготвени се да платат, само околу 5 денари за секој денар добивка по акција** (за споредба, на крајот на 2007 година, пазарните цени на акциите кај овие четири банки беа за 2 или 3 пати повисоки од книговодствената вредност по акција, а инвеститорите беа подготвени да платат и до 25 денари за секој денар добивка по акција). **Трошокот на капитал (бараната стапка на принос на инвеститорите во акциите на банките) бележи намалување во 2014 година, кај две од четирите анализирани банки, а кај една од нив се доближи и до годишната стапка на принос до достасување на котираните обврзници на Македонската берза.** Сепак, заклучоците изведени преку анализа на пазарните показатели за цената на капиталот на банките треба да се прифатат со резерва, имајќи ја предвид (не)развиеноста на домашниот пазар на капитал и неговата релативно мала

ликвидност (како длабочина, така и ширина), но и поради фактот што кај три од четирите најголеми банки во системот се присутни доминантни сопственици, со позначително учество во вкупниот број издадени акции, кои не се заинтересирани за тргување со поседуваните акции од банките. Така, освен во случајот на една од анализираните банки, каде што во 2014 година се истргувало со повеќе од 10% од вкупниот број издадени акции, кај останатите банки, во истиот период биле истргувани не повеќе од 2,5% од вкупниот број издадени акции.

Графикон бр. 62
Соодност меѓу пазарната цена на акцијата и добивката по акција (лево) и процент од вкупниот број издадени акции коишто биле тргувани во изминатиот едногодишен период (десно), за четирите најголеми банки во системот




Извор: Народната банка, врз основа на податоците доставени од страна на банките.

**Македонскиот банкарски систем има повисока адекватност на капиталот, во споредба со банкарските системи на пет (Франција, Италија, САД, Јапонија и Австралија) од анализираните дванаесет развиени економии и во однос на банкарскиот систем на една (Полска) од избраните дванаесет растечки економии.** Сепак, анализата би била нецелосна доколку не се земе предвид и значително повисокото ниво на конзервативност на македонските банки при утврдување на нивото на

Графикон бр. 63

Просечна стапка на адекватност на капиталот за избрани развиени и растечки економии, за периодот 2007 - 2014 година

во проценти




Извор: Народната банка, врз основа на податоците доставени од страна на банките.

Графикон бр. 64

Стапката на адекватност на капиталот за избрани развиени и растечки економии, за 2014 година

во проценти




Извор: Народната банка, врз основа на податоците доставени од страна на банките.

* Забелешка: Податоците за учеството на нефункционалните кредити (нето од исправката на вредноста) во сопствените средства кај банкарските системи на Германија, Ирска, Обединетото Кралство, Бугарија и Албанија се однесуваат на 2013 година.

исправката на вредноста за нефункционалните кредити, кое е едно од највисоките, споредено со банкарските системи на анализираните, дваесет и четири земји. Така, споредено со македонскиот банкарски систем, единствено три (САД, Обединетото Кралство и Турција) од вкупниот број избрани земји имаат пониско учество на нерезервираниот дел од нефункционалните кредити во регулаторниот капитал.

Според овој показател, компаративно, македонските банки се значително подобри, особено во однос на банкарските системи од растечките економии, каде што домашните супервизорски и регулаторни органи се, очигледно, прилично воздржани во барањата за придржување на банките од нивните земји кон некои построги регулаторни правила во овој домен, чиешто евентуално исполнување од страна на банките, веројатно, би имало за последица проблеми со солвентноста кај дел од нив. Имено, иако банките со потекло од растечките економии ја дочекаа глобалната финансиска криза со релативно посилни показатели за солвентност, во споредба со банкарските системи од развиените земји, сепак, позначителните оштетувања на нивните кредитни портфолија и ограничените можности за спроведување нови докапитализации во кризниот период, предизвикаа „подјадување" на капиталот и влошување на солвентните позиции. Наспроти тоа, глобалната финансиска криза ги затекна банките со потекло од развиените земји со пониски показатели за адекватноста на капиталот, по што следуваше период на нивна докапитализација (со масовна финансиска поддршка на државите од каде што потекнуваат), намалување на обемот на активности и последователно зајакнување на солвентните позиции. Ваквите движења предизвикаа извесно доближување во просечните нивоа на адекватноста на капиталот пресметани за банкарските системи од растечките и банкарските системи од развиените земји.

Графикон бр. 65
Структура на годишните промени на сопствените средства




Извор: Народната банка, врз основа на податоците доставени од страна на банките.
Забелешки: * Се мисли на промените во износот на веќе издадените субординирани инструменти, коишто произлегуваат од исполнувањето / неисполнувањето на регулаторните правила за вклучување на овие инструменти во пресметката на сопствените средства.

## 5.2. Движења и квалитет на сопствените средства на банкарскиот систем

**Во 2014 година, сопствените средства на банкарскиот систем забележаа годишен пад од 233 милиони денари (или за 0,5%), што е најмногу условено од намалувањето на дозволениот износ на субординираните инструменти коишто се вклучуваат во пресметката на дополнителниот капитал, кај дел од банките[57].** Реинвестирањето на добивката остварена во претходната година, емисијата на нови акции и издавањето нови субординирани инструменти се најзначајните извори на зголемување на сопствените средства, во изминатиот седумгодишен период. Задржаната добивка во капиталните фондови на банките претставува најстабилен извор на зголемување на сопствените средства, иако во последните три години нејзиниот придонес во растот на сопствените средства бележи пад, најмногу поради фактот што дел од банките ја реинвестираат добивката со статус на „добивка којашто е расположлива за распределба на акционерите", којшто не овозможува нејзино вклучување во сопствените средства на банките. Новите емисии на акции исто така се значаен извор на зголемување на сопствените средства, но тие целосно отсуствуваат во последните две години, како и во 2009 година, кога последиците од глобалната финансиска криза беа најизразени. Издавањето нови субординирани инструменти е редовна практика во изминатиот седумгодишен период, но сепак станува збор за обврски коишто банките треба да ги исплатат согласно со со договореното[58], и тоа по цена (каматна стапка) која вообичаено е повисока во споредба со останатите извори на финансирање. Исто така, согласно со регулативата, по навлегувањето на

---

[57] Станува збор за субординирани инструменти, коишто се навлезени во последните пет години до рокот на достасување, со што, согласно со регулативата, се вклучуваат по дисконтирана вредност во пресметката на сопствените средства.
[58] Субординираните инструменти не можат да бидат исплатени или откупени од страна на банката пред рокот на достасување (рокот на достасување мора да биде подолг од пет години и еден ден), освен во случај на нивно претворање во обични или некумулативни приоритетни акции на банката или во хибридни инструменти кај банката (за исплата/враќање на хибридниот инструмент е потребна согласност од Народната банка).

Графикон бр. 66
Структура на сопствените средства пред одбитните ставки од основниот и дополнителниот капитал
во проценти




Извор: Народната банка, врз основа на податоците доставени од страна на банките.

субординираните инструменти во последните пет години до рокот на достасување, тие се вклучуваат по дисконтирана вредност во пресметката на сопствените средства и соодветно го намалуваат нивниот износ, уште пред истекувањето на рокот на достасување. Токму последново беше особено изразено во 2014 година и најмногу го услови годишниот пад на сопствените средства на банкарскиот систем.

Графикон бр. 67
Структура на обврските на банките врз основа на субординирани инструменти, според преостанатиот рок до достасување (лево) и стапка на каматни расходи*, за одделните видови извори на финансирање (десно)

во проценти




во проценти




Извор: Народната банка, врз основа на податоците доставени од страна на банките.
* Забелешка: Стапката на каматни расходи е пресметана како соодност меѓу каматните расходи остварени во текот на годината и просечниот износ на изворите на финансирање, пресметан за последните пет квартални датуми.

Учеството на основниот капитал во вкупните сопствени средства пред одбитните ставки од основниот и дополнителниот капитал, во последните седум години бележи

Графикон бр. 68
Структура на годишните промени на сопствените средства, според употребата за покривање на одделните ризици
во милиони денари




Извор: Народната банка, врз основа на податоците доставени од страна на банките.

Графикон бр. 69
Структура на сопствените средства, според употребата за покривање на одделните ризици
во проценти




Извор: Народната банка, врз основа на податоците доставени од страна на банките.

намалување од околу 3 процентни поени. Сепак, учеството на овој висококвалитетен капитал во вкупните сопствени средства е и натаму значајно и изнесува 87,5% на крајот од 2014 година.

Повеќе детали во врска со нивото на сопствените средства на одделните групи банки се прикажани во анексот бр. 36.

## 5.3. Движења и структура на капиталните барања и слободниот капитал на банкарскиот систем

**После позначителниот раст на капиталните барања за покривање на кредитниот ризик, во 2007 и 2008 година следуваше период на акумулирање „слободен" капитал од страна на банките, којшто беше искористен во 2013 и, особено во 2014 година, кога е присутно извесно заживување на кредитната активност на банките.** Капиталните барања за покривање на валутниот ризик бележат скромни промени во изминатиот седумгодишен период, а после воведувањето на обврската за утврдување регулаторен капитал за покривање на оперативниот ризик во 2012 година, ниту капитални барања за покривање на овој ризик не бележат некои позначајни промени. **Во 2014 година, регулаторниот капитал потребен за покривање на ризиците забележа раст од 1.529 милиони денари, или за 7,1%. Новите капитални барања беа покриени преку ангажирање на „слободниот" капитал на банкарскиот систем, а неговиот износ се намали и поради годишниот пад на вкупните сопствени средства на банките.** Околу 88% од зголемувањето на капиталните барања за покривање на ризиците се резултат на поголемиот износ на регулаторен капитал потребен за покривање на кредитниот ризик, што најмногу произлегува од растот на портфолиото на мали кредити и поголемиот износ на побарувања покриени со деловни објекти. И покрај искористувањето на дел од

Графикон бр. 70
Износ и структура на капиталните барања за покривање на кредитниот ризик, според категории на изложеност*
во милиони денари




Извор: Народната банка, врз основа на податоците доставени од страна на банките.
Забелешка: * Во 2012 година, регулативата за утврдување на капиталните барања за покривање на кредитниот ризик беше променета, со примената на стандардизираниот пристап од капиталната спогодба Базел 2, со што, меѓудругото, беа променети одделните категории на изложеност, за коишто се утврдуваат капиталните барања за кредитниот ризик.

„слободниот" капитал на банкарскиот систем за покривање на новите капитални барања за покривање на ризиците, сопствените средства над минималното ниво потребно за покривање на ризиците, и натаму имаат највисоко учество во вкупните сопствени средства, иако ова учество, за првпат во последните седум години, се спушти под 50% и на 31.12.2014 година изнесува 48,9%.

Повеќе детали за капиталните барања за покривање на ризиците и стапката на адекватноста на капиталот, по одделни групи банки се прикажани во анексот бр. 37.

## 5.4. Стрес-тестирање на отпорноста на банкарскиот систем на хипотетички шокови

**Резултатите од спроведеното стрес-тестирање покажуваат задоволителна отпорност на банкарскиот систем на симулираните шокови. Така, адекватноста на капиталот на банкарскиот систем не се намалува под 8% при ниедна од симулациите, иако кај поединечни банки се воочува хипотетичка потреба за докапитализација при симулираните екстремни шокови.** Хипотетичките шокови на страната на кредитниот ризик имаат најголемо влијание врз стабилноста на банкарскиот систем. Во рамки на кредитната изложеност кон нефинансиските субјекти, симулациите покажуваат дека е потребен раст од 85,8% на нефункционалната кредитна изложеност, односно премин на 12,9% од редовната кон нефункционалната кредитна изложеност за адекватноста на капиталот на банкарскиот систем да се спушти на законски минималното ниво од 8%[59]. Овие симулации би довеле до речиси двојно зголемување на учеството на нефункционалната во вкупната

[59] За споредба, во вториот квартал од 2009 година, само 2,1% од редовната кредитна изложеност кон нефинансиските субјекти премина во изложеност со нефункционален статус, што е на ниво на историскиот максимум за последните шест години. Во текот на 2014 година, овој процент беше највисок во вториот квартал, кога само 1,7% од редовната кредитна изложеност кон нефинансиските субјекти премина во изложеност со нефункционален статус.

кредитна изложеност кон нефинансиските субјекти (од тековните 9,9%, на 18,4%). Сепак, станува збор за прилично екстремни и помалку веројатни симулации, особено на краток рок.

Графикон бр. 71
Резултати од симулациите на кредитни и комбинирани шокови, со состојба на 31.12.2014 година




Извор: Народната банка, врз основа на податоците доставени од страна на банките.
*Стрес-тестирањето ги опфаќа следниве симулации:
I симулација: Зголемување на нефункционалната кредитна изложеност кон нефинансиски субјекти за 50%;
II симулација: Зголемување на нефункционалната кредитна изложеност кон нефинансиски субјекти за 80%;
III симулација: Премин на 10% од редовната кон нефункционална кредитна изложеност кон нефинансиски субјекти;
IV симуалција: Прекласификација во „В - нефункционално" на петте најголеми кредитни изложености кон нефинансиски субјекти (вклучувајќи ги и поврзаните субјекти);
V симулација: Зголемување на нефункционалната кредитна изложеност кон нефинансиски субјекти за 80% и зголемување на каматните стапки од 1 до 5 п.п.;
VI симулација: Зголемување на нефункционалната кредитна изложеност кон нефинансиски субјекти за 80%, депрецијација на курсот на денарот за 30% и зголемување на каматните стапки од 1 до 5 п.п.;
**Забелешка: Кредитната изложеност кон нефинансиските субјекти ја вклучува вкупната кредитна изложеност намалена за изложеноста на банките кон финансиски институции и држава, односно кон клиенти од дејностите „финансиски дејности и дејности на осигурување" и „јавна управа и одбрана и задолжително социјално осигурување".

# Структурни карактеристики, позначајни билансни промени и профитабилност на банкарскиот систем

# III. Структура на банкарскиот систем

## 1. Пристап до банкарски услуги

**На 31.12.2014 година, банкарскиот систем во Република Македонија го сочинуваат петнаесет банки и четири штедилници. Бројот на банки се намали за еден[60], додека бројот на штедилниците остана непроменет во однос на претходната година[61]. Анализата на штедилниците не е опфатена во овој извештај поради нивното незначително учество во банкарскиот систем.[62]**

**Банкарската мрежа ја сочинуваат 429 деловни единици распространети низ речиси сите градови во Република Македонија[63].** Во споредба со претходната година, овој број се зголеми за три деловни единици (се отворија тринаесет нови деловни единици, а се затворија десет деловни единици). Најголемиот број деловни единици е сконцентриран во скопскиот регион, којштo дополнително се зголеми за нови осум единици. Во споредба со останатите региони, овој регион сѐ уште нуди најдобар пристап до банкарските услуги, мерено според бројот на жители по деловна единица.

Графикон бр. 72
Банкарска мрежа* (лево) и број на жители по деловна единица (десно), по одделни региони во Република Македонија




Извор: НБРМ, врз основа на податоците доставени од страна на банките, Државен завод за статистика на Република Македонија, според официјалните податоци од пописот од 2002 година.
*Во пресметката не се вклучени шалтерите на банките.

---

[60] На 30.6.2014 година, Централниот регистар на Република Македонија донесе Решение за упис на статусна промена – припојување на „Поштенска банка" АД Скопје кон „Еуростандард банка" АД Скопје.

[61] Со заокружувањето на постапкта за преобразба на „Штедилница Ал коса" АД Штип во финансиско друштво, во првиот квартал од 2015 година, бројот на штедилниците се намали за еден.

[62] Учеството на штедилниците изнесува само 0,7% од вкупните средства на депозитарните финансиски институции (банки и штедилници), 0,9% од вкупните кредити и 0,3% од вкупните депозити на физички лица во денари и во денари со девизна клаузула.

[63] Во бројот на деловните единици е вклучено и седиштето на банките, но не се вклучени шалтерите на банките.

Табела бр. 3
Споредбени показатели за бројот на жители по банка и по деловна единица на банките

| Земја | Број на жители по банка | Земја | Број на жители по деловна единица на банките |
|---|---|---|---|
| Луксембург | 3.714 | Кипар | 1.258 |
| Австрија | 12.032 | Шпанија | 1.380 |
| Кипар | 15.053 | Франција | 1.739 |
| Малта | 15.755 | Португалија | 1.742 |
| Литванија | 33.073 | Италија | 1.914 |
| Латвија | 33.923 | Бугарија | 1.922 |
| Естонија | 35.563 | Австрија | 1.955 |
| Германија | 44.672 | Германија | 2.234 |
| Данска | 47.288 | Полска | 2.456 |
| Унгарија | 52.261 | Луксембург | 2.581 |
| Полска | 55.991 | Белгија | 2.997 |
| Црна Гора | 56.491 | Унгарија | 3.043 |
| Шведска | 60.660 | Словенија | 3.272 |
| Португалија | 69.515 | Хрватска | 3.481 |
| Холандија | 77.199 | Грција | 3.536 |
| Словенија | 85.879 | Романија | 3.632 |
| Италија | 90.720 | Малта | 3.867 |
| Белгија | 108.777 | Србија | 3.886 |
| Франција | 132.733 | Словачка | 4.312 |
| Македонија | 137.718 | Данска | 4.480 |
| Хрватска | 141.560 | Литванија | 4.487 |
| Албанија | 180.997 | Македонија | 4.815 |
| Чешка | 187.722 | Шведска | 4.886 |
| Словачка | 193.427 | Чешка | 4.924 |
| Шпанија | 205.806 | Албанија | 5.474 |
| Босна и Херцеговина | 225.348 | Латвија | 5.835 |
| Србија | 246.440 | Холандија | 7.773 |
| Бугарија | 258.774 | Естонија | 9.399 |
| Грција | 274.815 | Црна Гора | н.п. |
| Романија | 511.470 | Босна и Херцеговина | н.п. |

Извор: НБРМ, www.dbresearch.com, интернет-страниците на Европската Унија, Светската банка, Банката на Албанија (Supervision Annual Report 2013), Хрватската народна банка (Билтен о банкама), БСЦЕЕ (Review 2013), Народната банка на Србија (Банкарски сектор у Србији, Извештај за III тромесечје 2014 године).
Забелешка: Податоците за Македонија се за 31.12.2014 година, за Србија за 30.9.2014 година, а за останатите земји за 31.12.2013 година.

Графикон бр. 73
Број на вработени лица во банките




Извор: НБРМ, врз основа на податоците доставени од страна на банките.

**Банкарскиот систем во Македонија има послабо развиена банкарска мрежа во однос на поголемиот број од анализираните земји.** Исто така, и според бројот на жители коишто се опслужени од една банка, Македонија се наоѓа во втората половина на оваа листа. Сепак, овој показател е подобар во однос на дел од земјите од окружувањето (освен Црна Гора и Словенија).

## 2. Вработеност во банкарскиот систем

Во 2014 година, бројот на лица вработени во банкарскиот систем се намали за 60, главно поради поголемото намалување[64] отколку новиот прираст[65] на вработени лица.

**Продуктивноста на банкарскиот систем се подобрува.** Во изминатиот седумгодишен период, активата се зголеми седум пати побрзо во однос на бројот на вработените лица. Сепак, разликите меѓу банките во поглед на нивната продуктивност се продлабочуваат во изминатиот седумгодишен период, што се согледува преку

[64] Најголемо намалување има кај една голема (за 78 лица), главно врз основа на пензионирање и една средна (за 72 лица), заради намалување на оперативните трошоци.
[65] Позабележителен пораст на вработените има кај една голема (за 25 лица) и две средни банки (за 26 и 25 лица, одделно).

Графикон бр. 74
Актива по вработен*
во илјади денари




Извор: НБРМ, врз основа на податоците доставени од страна на банките.
* МБПР не е вклучена во анализата поради видот на активностите кои ги врши.

речиси континуираното проширување на распонот помеѓу првиот и третиот квартил на показателот за актива по вработен.

Квалификациската структура на вработените во банкарскиот систем, продолжи да се подобрува, при што учеството на вработените со најмалку високо образование се зголеми за 3,4 процентни поени и достигна 72,7% (анекс бр. 4).

## 3. Сопственичка структура на банкарскиот систем

**Финансиските институции имаат најголемо учество во структурата на обичните акции на банките** и покрај тоа што на 31.12.2014 година, оваа структура забележа промени. Вкупната номинална вредност на обичните акции на банкарскиот систем се намали за 425 милиони денари, што произлегува од припојувањето на една банка кон друга, во чија сопственичка структура покрај една домашна банка беше присутна и државата со свој удел[66]. Ова предизвика учеставата на обичните акции во сопственост на финансиските институции и јавниот сектор во вкупната номинална вредност на обичните акции на банкарскиот систем да се намалат за 1,0 и 0,5 процентни поени, соодветно, што, пак, доведе до поголемо учество на нефинансиските правни лица и физичките лица во обичните акции. Една банка изврши конверзија на приоритетните акции во обични акции, но тоа немаше позначително влијание врз сопственичката структура на обичните акции. По извршената конверзија, приоритетните (некумулативни) акции повеќе

Графикон бр. 75
Сопственичка структура на обичните акции на банкарскиот систем
во проценти




Извор: НБРМ, врз основа на податоците доставени од страна на банките.

[66] Станува збор за припојување на „Поштенска банка“ АД Скопје кон „Еуростандард банка“ АД Скопје, на што претходеше купување на државниот удел во „Поштенска банка“ од страна на „Еуростандард банка“ (на 24.1.2014 година, преку јавна берзанска аукција реализирана на Македонската берза на хартии од вредност), со што „Еуростандард банка“ АД Скопје стана целосен сопственик на „Поштенска банка“.

Графикон бр. 76
Пазарно учество на банките во доминантна странска сопственост и учество на странскиот капитал во вкупниот капитал
во проценти




Извор: НБРМ, врз основа на податоците доставени од страна на банките.
*Капиталот и резервите ги опфаќаат акционерскиот капитал и премиите врз основа на уплатените акции, резервниот фонд, задржаната добивка (акумулираната загуба) и ревалоризациските резерви. Капиталот и резервите се намалени за тековната загуба.
**Акционерскиот капитал ја опфаќа номиналната вредност на уплатените обични и приоритетни акции.

не се присутни во капиталот на банкарскиот систем.[67]

**Учеството на странскиот во вкупниот акционерски капитал бележи раст во однос на преткризниот период (2007 година) и тоа за 7,1 процентен поен, што најмногу произлегува од влезот на странски стратегиски инвеститори во две домашни банки во 2008 година.** Во 2014 година, растот произлегува од споменатата статусна промена на припојување на една банка во доминантна домашна сопственост кон друга банка која е во претежна странска сопственост.

**Овие промени дополнително го зголемија и онака доминантното учество на банките во претежна странска сопственост во поважните билансни позиции на банкарскиот систем.**

Графикон бр. 77
Структура на поважните позиции од билансите на банките според претежната сопственост на банките
во проценти




Извор: НБРМ, врз основа на податоците доставени од страна на банките.

---

[67] Банките располагаат со приоритетни кумулативни акции, кои имаат третман на обврска на банките, а во рамки на регулаторниот капитал се дел од дополнителниот капитал.

Графикон бр. 78

Пазарно учество на подружниците на странските банки (актива)

бр. на подружници во проценти




Извор: НБРМ, врз основа на податоците доставени од страна на банките.

**Пазарното учество на подружниците на странски банки минимално се зголеми во однос на претходната година, а нивниот број остана непроменет и изнесува седум.**

Графикон бр. 79

Структура на капиталот на банките според земјата на потекло на доминантниот акционер

во проценти




Извор: НБРМ, врз основа на податоците доставени од страна на банките.

**Според земјата на потекло на акционерите, настанаа мали структурни промени во споредба со претходната година.** Учеството на акционерскиот капитал кој потекнува од Словенија се намали за 0,5 процентни поени во вкупниот странски акционерски капитал, поради излегувањето на словенечки странски институционални инвеститори од банкарскиот систем на РМ, додека учествата на капиталот со потекло од Грција и Бугарија се зголемија за по 0,2 процентни поена.

Графикон бр. 80

Пазарно учество (актива) на банките (лево) и стапка на раст на активата на банките (десно) според земјата на потекло на доминантниот странски акционер*

во проценти




Извор: НБРМ, врз основа на податоците доставени од страна на банките.

*Банката којашто е во домашна сопственост, како и банките коишто немаат доминантен сопственик не се вклучени во графиконот.

Графикон бр. 81
Херфиндалов индекс
во индексни поени




Извор: НБРМ, врз основа на податоците

Графикон бр. 82
Учество на поединечните банки во вкупната актива на банкарскиот систем*
во проценти




Извор: НБРМ, врз основа на податоците доставени од страна на банките.
*Во 2014 година, една банка престана да постои како посебно правно лице поради припојување кон друга банка.

Во последните неколку години дојде до намалување на пазарното учество на банките со доминантен сопственик од Грција и Словенија, поради помалиот раст на активата на соодветните банки во однос на подинамичниот раст на активата на останатите банки. Пазарното учество на банката со доминантен сопственик од Турција бележи раст, додека капиталот од Холандија повеќе не е присутен[68]. Промените кај пазарните учества на банките со доминантни сопственици од останатите земји, се незначителни.

Иако во последните седум години се забележува **тренд на намалување на концентрацијата** мерена според Херфиндаловиот индекс, сепак овој показател за кредитите и депозитите на населението сè уште е малку над прифатливата горна граница.

Трите најголеми банки зафаќаат скоро две третини од вкупната актива на банкарскиот систем, додека поединечно по банка, учеството во вкупната актива на банкарскиот систем се движи во интервал од 0,6% за најмалата банка до 23,2% за најголемата банка во системот.

---

[68] Во 2011 година, акционер од Турција кој е доминантен сопственик на „Зираат банка" АД Скопје ги откупи акциите на акционер од Холандија во „Халк банка" АД Скопје и со тоа стана доминантен сопственик на таа банка. Во 2012 година, овие две банки се соединија во една банка, при што „Зираат банка" престана да постои како правно лице.

# IV. Активности на банките

**Во 2014 година, активностите на домашните банки беа под влијание на солидниот раст на домашната економија и закрепнувањето на реалниот сектор. Во такви услови, забрза растот на депозитното јадро на банките и на кредитната поддршка на реалниот сектор, што беше поддржано и од подобрените согледувања на домашните банки за профилот на ризик на кредитната побарувачка, монетарното олабавување и преземените нестандардни мерки врз кредитната поддршка на приватниот сектор, но и од промените во кредитните стратегии на некои од банкарските групи присутни во земјата. Во услови на оцени за засилување на економскиот раст и за отсуство на ценовни притисоци, согласно со проекциите на Народната банка, се очекува натамошно зајакнување на кредитната поддршка на нефинансискиот сектор и раст на депозитите како основен извор на финансирање на банкарските активности. Притоа, сепак треба да се имаат предвид можните ризици од послаботo закрепнување на надворешното окружување за креирањето дополнителен депозитен потенцијал и за активноста на банките на кредитниот пазар. Во 2014 година, банките ги зголемија вложувањата во ликвидни хартии од вредност на подолг рок, а исто така покажаа зголемен интерес за пласирање во странски банки и во расположливи депозити (во денари) кај Народната банка. Засилената денаризација на банкарските активности продолжи.**

Табела бр. 4
Структура на активата и пасивата на банкарскиот систем

| Биланс на состојба | Износ во милиони денари | | Структура (во проценти) | | Промена 12.2014/12.2013 | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | 31.12.2013 | 31.12.2014 | 31.12.2013 | 31.12.2014 | Во милиони денари | Во проценти |
| Парични средства и средства на сметки кај НБРМ | 38,783 | 50,137 | 10.5 | 12.5 | 11,354 | 29.3 |
| Вложувања во хартии од вредност | 63,767 | 58,614 | 17.3 | 14.6 | -5,153 | -8.1 |
| Пласмани кај банки и други финансиски институции | 44,442 | 49,940 | 12.0 | 12.5 | 5,498 | 12.4 |
| *Бруто пласмани кај банки и останати финансиски институции* | 44,623 | 50,030 | 12.1 | 12.5 | 5,407 | 12.1 |
| *Акумулирана амортизација на пласманите кај банки и останати финансиски институции* | -4 | -3 | 0.0 | 0.0 | 1 | -29.5 |
| *Исправка на вредноста на пласманите кај банки и останати финансиски институции* | -177 | -86 | 0.0 | 0.0 | 90 | -51.1 |
| Кредити на нефинансиски субјекти (нето) | 201,835 | 222,145 | 54.6 | 55.5 | 20,310 | 10.1 |
| *Бруто кредити на нефинансиски субјекти* | 230,132 | 252,967 | 62.3 | 63.2 | 22,835 | 9.9 |
| *Акумулирана амортизација на кредити на нефинансиски субјекти* | -935 | -803 | 0.0 | 0.0 | 132 | -14.1 |
| *Исправка на вредноста на кредити на нефинансиски субјекти* | -27,362 | -30,019 | 0.0 | 0.0 | 2,657 | -9.7 |
| Пресметана камата и останата актива | 9,209 | 7,680 | 2.5 | 1.9 | -1,529 | -16.6 |
| Основни и нематеријални средства | 11,469 | 11,764 | 3.1 | 2.9 | 295 | 2.6 |
| Неиздвоена исправка на вредноста | 0 | 0 | 0.0 | 0.0 | 0 | 0.0 |
| **Вкупна актива** | **369,505** | **400,281** | **100.0** | **100.0** | **30,776** | **8.3** |
| Депозити од банки и останати финансиски институции | 17,143 | 16,603 | 4.6 | 4.1 | -540 | -3.1 |
| Депозити на нефинансиски субјекти | 259,299 | 286,979 | 70.2 | 71.7 | 27,680 | 10.7 |
| Обврски по кредити (краткорочни и долгорочни) | 34,910 | 35,120 | 9.4 | 8.8 | 210 | 0.6 |
| Обврски врз основа на субординирани и хибридни инструменти | 7,991 | 8,032 | 2.2 | 2.0 | 41 | 0.5 |
| Останата пасива | 7,591 | 9,329 | 2.1 | 2.3 | 1,738 | 22.9 |
| Посебна резерва за вонбилансни побарувања и останати резервирања | 913 | 909 | 0.2 | 0.2 | -4 | -0.4 |
| Капитал и резерви | 41,657 | 43,309 | 11.3 | 10.8 | 1,652 | 4.0 |
| **Вкупна пасива** | **369,505** | **400,281** | **100.0** | **100.0** | **30,776** | **8.3** |

Извор: Народната банка, врз основа на податоците доставени од страна на банките.
Забелешка: Позицијата „пласмани кај централната банка", од анексот бр. 1, во оваа табела е вклучена во позицијата „парични средства и средства на сметка кај НБРМ".

Графикон бр. 83
Годишна промена на активата на банкарскиот систем
во милиони денари и во проценти




Извор: Народната банка, врз основа на податоците доставени од страна на банките.

Графикон бр. 84
Степен на финансиско посредување во Република Македонија
во проценти




Извор: Народната банка, врз основа на податоците доставени од страна на банките.

Графикон бр. 85
Степен на финансиско посредување по одделни земји
во проценти (лева и десна оска)




Извор: Народната банка, врз основа на податоците доставени од страна на банките и интернет страните на централните банки на анализираните земји.
Забелешка: Податоците за Република Македонија и Албанија се однесуваат на 31.12.2014 година, додека за останатите анализирани земји за 31.12.2013 година.

**На 31.12.2014 година, вкупната актива на банкарскиот систем изнесува 400.281 милион денари.** По забавувањето на нејзиниот раст во претходните три години, во 2014 година годишната стапка на раст на активата достигна 8,3%. Таа е речиси двојно поголема во однос на стапката на раст во 2013 година. Годишната динамика на банкарските активности во најголем дел беше поттикната од депозитите на нефинансиските субјекти, коишто растеа со побрзо темпо во споредба со кредитите. Останатите позначајни промени во активата се поврзани со позначителниот раст на паричните средства[69], зголемувањето на пласманите кај банките и другите финансиски институции и намалувањето на вложувања во ликвидни краткорочни хартии од вредност, односно државни записи.

**Значењето на домашниот банкарски систем за економската активност постојано се зголемува. И покрај тоа што активностите на банките зафаќаат значителен дел од БДП, сепак постои простор за натамошно зајакнување на финансиското посредување.** Споредено со повеќето од анализираните земји-членки на ЕУ, финансиското посредување во Република Македонија е на пониско ниво, но е на слично ниво во однос на земјите од регионот.

[69] Позначителниот годишен раст на паричните средства (за 11.354 милиони денари) во поголем дел произлегува од зголемените пласмани на банките во расположливи депозити кај Народната банка, и во помал дел од зголемените средства на трансакциските сметки на банките кај Народната банка.

Графикон бр. 86 Состојба на кредитите дадени на нефинансиските субјекти
во милиони денари




Извор: Народната банка, врз основа на податоците доставени од страна на банките.

Графикон бр. 87 Годишна промена на кредитите на нефинансиските субјекти
во милиони денари и во проценти




Извор: Народната банка, врз основа на податоците доставени од страна на банките.

Графикон бр. 88 Годишен раст кредитите на нефинансиските субјекти, според секторот
во милиони денари




Извор: Народната банка, врз основа на податоците доставени од страна на банките.

## 1. Кредити на нефинансиските субјекти

**Во 2014 година, кредитната поддршка од страна на банките на нефинансискиот сектор[70] растеше забрзано.** Кредитите на нефинансиските субјекти[71] остварија позначителен годишен раст од 22.835 милиони денари, а годишната стапка на раст забрза за 3,5 процентни поени и достигна 9,9%. **Забрзувањето на растот на кредитирањето беше поизразено кај корпоративниот сектор,** чијашто годишна стапка на раст беше речиси двојно повисока во однос на стапката на раст остварена во 2013 година.

За време на кризата (особено очигледно во 2009 година), динамиката на кредитната активност беше под влијание на надолните трендови на домашната економска активност и присутната неизвесност за последиците од меѓународната финансиска криза врз вкупните економски движења и врз работењето на домашните банки. Соодветно влијание имаа и промените во условите за кредитирање од страна на банките, како прудентен одговор на влошените економски состојби, промените во кредитните стратегии на некои од банкарските групи присутни во земјата, но и заострувањето на монетарните услови и макропрудентните мерки во доменот на задолжителната резерва преземени од страна на Народната банка. Во наредните неколку години (2010 - 2013 година) растот на кредитната активност продолжи при што просечната годишна стапка на раст за овие години изнесуваше 7,3%.

**Веќе во 2014 година, поместувањата кај кредитната активност упатуваат на постепено подобрување на очекувањата на домашните банки за**

[70] Кредитите кон нефинансиските субјекти ги вклучуваат кредитите на нефинансиските лица – резиденти и нерезиденти, и тоа кредитите на приватните и јавните нефинансиски друштва (кредитите на претпријатијата), централната влада, локалната самоуправа, непрофитните институции коишто им служат на домаќинствата (кредити на други клиенти), самостојните вршители на дејност и физичките лица (кредитите на домаќинствата).

[71] Анализирано по поединечна банка, кредитите на нефинансиските субјекти забележаа зголемување на годишна основа кај четиринаесет банки (зголемувањето се движеше во интервал од 2,5% до 49,7% по поединечна банка), а кај само една банка се забележа годишно намалување на кредитите на нефинансиските субјекти (намалувањето изнесува 11,0%).

Графикон бр. 89
Годишна промена (горе) и структура (долу) на кредитите на нефинансиските субјекти, според секторот
во милиони денари и во проценти




Извор: Народната банка, врз основа на податоците доставени од страна на банките.

Графикон бр. 90
Структура на кредитите на домаќинствата, по продукти
во проценти




Извор: Народната банка, врз основа на податоците доставени од страна на банките.

**ризиците од нефинансиските субјекти. Годишните промени за одделните квартали од годината покажуваат постепено зајакнување на кредитната поддршка, вклучително и на корпоративниот сектор**. Во последниот квартал од годината, прирастот на кредитите на претпријатијата го надмина оној на домаќинствата. Во услови на поволен економски амбиент, се очекува натамошно забрзување на растот на кредитирањето на приватниот сектор во 2015 и 2016 година, кој, според октомврските проекции на Народната банка, достигнува 9% и 10%, соодветно.

**Гледано по одделни сектори, кредитите на корпоративниот сектор придонесоа со 51,1% во кредитниот раст во 2014 година** (анекс бр. 11). Кредитирањето на претпријатијата годишно се зголеми за 11.673 милиони денари и оствари годишната стапка на раст којашто е двојно поголема, или за 4,5 процентни поени, во споредба со растот остварен во претходните две години. Дејностите „градежништво“ и „трговија на големо и мало“ имаа најголем придонес во растот на кредитирањето на корпоративниот сектор во 2014 година.

Годишниот раст на **кредитите на домаќинствата** исто така забрза и изнесуваше 11.095 милиони денари (или 12,1%), со придонес во растот на вкупните кредити од 48,6%. Потрошувачките кредити и кредитите за набавка и реновирање на станбен и деловен простор се најкористените кредитни производи кај овој сектор (анекс бр. 11).

**Денаризацијата на кредитната активност на банките продолжува. Во 2014 година, растот на кредитите во најголем дел (или 83,9%) произлезе од зголеменото кредитирање во домашна валута. Денарските кредити** остварија позначителен раст од 19.155 милиони денари (или 17,6%), кој бележи забрзување за 4,8 процентни поени во однос на 2013 година.

Графикон бр. 91
Годишна апсолутна (горе) и релативна промена (средина) и структура (долу) на кредитите на нефинансиските субјекти, според валутата
во милиони денари и во проценти




Извор: Народната банка, врз основа на податоците доставени од страна на банките.

Графикон бр. 92
Движење на кредитите според валутата, на претпријатијата (горе) и на домаќинствата (долу)
во милиони денари




Извор: Народната банка, врз основа на податоците доставени од страна на банките.

**Годишните стапки на раст на кредитите во денари со девизна клаузула и на девизните кредити се приближно шест пати помали од растот на кредитите во домашна валута.** Засилената денаризација на кредитите во текот на 2014 година беше најизразена кај кредитите на корпоративниот сектор, чиишто придонес во растот на денарските кредити беше двојно поголем (67,5%) од придонесот на домаќинствата (32,2%). Ова се согледува и преку континуираното нагорно движење на денарските кредити на претпријатијата во последните пет години, во однос на спротивното движење на денарските кредити со девизна клаузула и девизните кредити на претпријатијата.

**Долгорочното кредитирање преовладува во структурата на вкупните кредити**. Во 2014 година, долгорочните кредити остварија забрзан раст од 13.778 милиони денари (или 8,8%) и имаа најголем придонес (60,3%) во растот на вкупната кредитна активност. Притоа, растот на

долгорочните кредити во најголем дел (75,3%) произлезе од секторот „домаќинства“[72].

Графикон бр. 93
Годишна промена (лево) и структура (десно) на кредитите на нефинансиските субјекти, според рочност




Извор: Народната банка, врз основа на податоците доставени од страна на банките.

Растот на краткорочните кредити, кој изнесува 6.276 милиони денари, или 13,9%, во најголем дел (91,9%) се должи на денарските кредити на претпријатијата.

Годишната стапка на раст на нефункционалните[73] кредити изнесува 8,3% и е двојно пониска во однос на 2013 година.

## 2. Депозити на нефинансиските субјекти

Графикон бр. 94
Состојба на депозитите
во милиони денари




Извор: Народната банка, врз основа на податоците доставени од страна на банките.

**Во 2014 година, депозитите[74] на нефинансиските субјекти растеа со забрзана динамика и оствариja годишна стапка на раст од 10,7%, којашто е речиси двојно повисока во однос на 2013 година.** Според октомвриските проекции на Народната банка, се очекува да се задржи слична стапка на раст на депозитите и во наредните две години. Депозитниот потенцијал на домашните банки остана стабилен и главен извор на финансирање на нивните активности дури и во годините кога

[72] Долгорочните кредити на домаќинствата годишно растат за 10.370 милиони денари, што во поголем дел произлезе од растот на долгорочните денарски кредити на домаќинствата (за 5.432 милиона денари) и во помал дел од растот на долгорочните денарски кредити со девизна клаузула на домаќинствата (за 4.750 милиони денари).

[73] Подетаљно во делот III.1 Кредитен ризик.

[74] Анализирано по поединечна банка, депозитите на нефинансиските субјекти забележаа годишно зголемување кај тринаесет банки (зголемувањето се движеше во интервал од 2,0% до 41,5% по поединечна банка), а кај една банка се забележа квартално намалување на депозитите од 8,5%.

Графикон бр. 95
Годишна промена на депозитите на нефинансиските субјекти
во милиони денари и во проценти




Извор: Народната банка, врз основа на податоците доставени од страна на банките.

финансиската криза кулминираше на меѓународните пазари.

**Зголемувањето на депозитниот потенцијал на банките во 2014 година во поголем дел (61,2%) беше поддржан од растот на депозитите на домаќинствата,** којшто изнесуваше 16.933 милиони денари (или 8,9%). Годишната стапка на раст на депозитите на домаќинствата забележа забрзување за 2,3 процентни поени.

**Депозитите на претпријатијата** остварија годишно зголемување од 9.893 милиони денари (или 16,3%). Годишната стапка на раст на депозитите на корпоративниот сектор забележа позначително забрзување (за 13,1 процентен поен). Таа е за пет пати повисоко во однос на 2013 година и е на највисоко ниво во последните шест години.

**Интересот на депонентите за чување на средствата во домашна валута се задржа и во 2014 година.** Денарските депозити остварија позначителен годишен раст во износ од 22.741 милион денари (или 16,1%) и имаа најголем придонес (82,2%) во растот на вкупната депозитна база. Почнувајќи од 2010 година, денарските депозити остваруваат доста повисоки стапки на раст во однос на денарските депозити со девизна клаузула и девизните депозити. Во темелите на овој процес лежи довербата на јавноста во домашната валута и домашната монетарна политика, но и нарушената доверба во еврото поради превирањата во евро-зоната, и тоа како кај реалниот, така и кај финансискиот сектор. Соодветен стимул за денаризацијата даваат и повисоките каматни стапки на депозитите номинирани во домашната валута, како и диференцираните стапки на задолжителната резерва во зависност од валутата на депозитите.

**Депозитите на домаќинствата условуваат поголем дел од растот на вкупните денарски депозити (или 57,9%**

**во 2014 година), но денаризацијата беше изразена и кај депозитите на претпријатијата.** Имено, растот на депозитите на корпоративниот сектор[75] речиси целосно (96,0%) произлегува од растот на денарските депозити, додека кај депозитите од домаќинствата[76], денарските депозити придонесоа со 77,7%, а девизните депозити со 22,3% во годишниот раст на депозитите на овој сектор (анекс бр. 16). Девизните депозити остварија годишен раст во износ од 4.922 милиони денари (или 4,2%), кој во најголем дел (76,7%) произлезе од депозитите на домаќинствата. Депозитите во денари со девизна клаузула се застапени минимално.

Графикон бр. 96
Годишна промена на депозитите според валутата, секторот и рочноста
во проценти




Извор: Народната банка, врз основа на податоците доставени од страна на банките.

**Во последните шест години, се забележува континуирано продолжување на рочноста на депозитната база на банките, пред сè како резултат на растот на долгорочните депозити на домаќинствата** (со рочност до и над две години). Ваквото движење, секако, е поврзано со повисоките каматни стапки на долгорочните депозити, поттикнато, меѓудругото, и од поставеноста на стапките на задолжителната резерва (почнувајќи од август 2013 година се применува 0% задолжителна резерва за депозитите на физички лица во домашна валута со договорна рочност над две години). Имено, во 2014 година, долгорочното

[75] Годишниот раст на денарските депозити на претпријатијата изнесуваше 9.494 милиони денари (или 22,3%) и во најголем дел (83,6%) произлезе од депозитите по видување.

[76] Годишниот раст на денарските депозити на домаќинствата изнесуваше 13.157 милиони денари (или 14,0%), кој во поголем дел (56,7%) произлезе од долгорочните депозити и во помал дел (46,1%) од депозитите по видување.

Графикон бр. 97
Рочна структура на депозитите на домаќинствата
во проценти




Извор: Народната банка, врз основа на податоците доставени од страна на банките.

штедење на домаќинствата[77] во домашна валута имаше најголем придонес во растот на долгорочните депозити, кои се зголемија за 13.960 милиони денари (или 21,8%).

Сепак, депозитите по видување, со годишниот раст од 18.747 милиони денари (или 22,0%), имаа најголем придонес (67,7%) во растот на вкупната депозитна база од аспект на рочноста[78]. Придонесот на претпријатијата и домаќинствата во растот на депозитите по видување изнесува 51,8% и 44,2%, соодветно.

Веќе три години по ред, краткорочните депозити бележат негативна стапка на раст.

Графикон бр. 98
Структура на депозитите според валутата, секторот и рочноста
во проценти




Извор: Народната банка, врз основа на податоците доставени од страна на банките.

Графикон бр. 99
Годишна промена на портфолиото на хартии од вредност
во проценти




Извор: Народната банка, врз основа на податоците доставени од страна на банките.

## 3. Останати активности

**Во 2014 година, портфолиото на хартии од вредност на банките се намали** за 5.152 милиона денари (или 8,1%), како последица на позначително намалените вложувања на банките во државни записи (за 12.599 милиони денари, или 40,4%). Поголем дел од вложувањата во државни записи банките ги пренасочија во вложувања во подолгорочните државни обврзници (пред сè во двегодишни државни обврзници во денари

[77] Долгорочните денарски депозити на домаќинствата придонесоа со 53,4% во растот на долгорочните депозити, додека придонесот на долгорочните девизни депозити на домаќинствата изнесува 27,5%.
[78] Блиску половина од растот на депозитите по видување во 2014 година, се случи во месецот декември.

Графикон бр. 100
Структура на вложувањата на банките во континуирани државни обврзници според валутата и рочноста (според номиналната вредност)
во илјади денари и во проценти




Извор: Народната банка, врз основа на податоците доставени од страна на банките.

и во денари со девизна клаузула). На годишна основа, вкупните вложувања на банките во државни обврзници забележаа раст од 7.146 милиони денари (или 123,8%). Структурното учество на континуираните државните обврзници во номиналната вредност на портфолиото на државни хартии од вредност изнесува 39,4% и во однос на претходната година бележи зголемување за 25,9 процентен поен. Следствено на ваквите промени, се намали учеството на вложувањата во краткорочните државни записи, за сметка на растот на учеството на вложувањата во подолгорочни државни обврзници.

Графикон бр. 101
Структура на портфолиото на хартии од вредност
во проценти




Извор: Народната банка, врз основа на податоците доставени од страна на банките.

Кај вложувањата на банките во благајничките записи не се забележаа промени, во услови на непроменета понуда и непроменета каматна стапка на благајничките записи од страна на Народната банка.

Паралелно со засилената денаризација кај основните банкарски активности (прибирањето депозити и одобрувањето кредити), **банките ги зголемија своите пласмани во странска валута во странските банки.** Вкупните сметки и депозити кај странски банки забележаа годишно зголемување за 5.973 милиони денари, или 20,3%[79].

**Исто така намалување бележат и** кредитите[80] одобрени на домашните банки,

[79] Растот на пласманите кај странските банки се должи на зголемените салда на кореспондентните сметки кај странските банки во странска валута (за 2.427 милиони денари) и на растот на пласманите во краткорочни депозити кај странски банки во странска валута (за 3.114 милиони денари).
[80] Намалувањето на кредитите одобрени на домашните банки изнесува 543 милиони денари, или 4,1%, и во најголем дел е резултат на намалените денарски кредити до еден месец.

Графикон бр. 102
Пласмани кај банките и други финансиски институции (годишна промена)
во проценти




Извор: Народната банка, врз основа на податоците доставени од страна на банките.

Графикон бр. 103
Обврски (горе) кон и побарувања (долу) од нерезидентите
во милиони денари и во проценти




Извор: Народната банка, врз основа на податоците доставени од страна на банките.

како и краткорочните обврски врз основа на кредити од домашните банки[81].

**Обврските врз основа на кредити кон нерезиденти** забележаа скромен годишен раст, кој произлегува од зголемените обврски врз основа кредитна линија од банкарската група на една домашна подружница, како и ново задолжување од кредитната линија на ЕИБ, која се пласира преку МБПР АД Скопје[82].

Во услови на забрзан раст на депозитите на нефинансиските субјекти, кои речиси целосно го условија растот на изворите на финансирање на банките во 2014 година, кај депозитите[83] од банки и останати финансиски институции се забележа годишно намалување.

**Банките во Република Македонија ги извршуваа своите активности главно на домашниот пазар.** Обврските и побарувањата од нерезидентите се на ниско ниво и зафаќаат помалку од 10% од вкупната актива на банкарскиот систем. Учеството[84] на побарувањата и обврските кон нерезидентите во БДП исто така е ниско и во последните осум години се движи во интервал од 5,0% до 10,0%. На годишна основа, се забележа позначителен раст на побарувањата[85] и скромен раст на обврските[86] кон нерезидентите.

[81] Обврските врз основа на кредити кон финансиските друштва – резиденти годишно се намалија за 729 милиони денари, што во најголем дел се должи на намалените обврски врз основа на краткорочни кредити во денари кон домашните банки (за 612 милиона денари) и намалените обврски по долгорочни кредити во денари со валутна клаузула кон банки и други финансиски друштва (за 477 милиони денари). Истовремено, обврските врз основа на долгорочни кредити во странска валута кон домашните банки се зголемија (за 351 милион денари), што произлезе од кредитната линија од Европската инвестициона банка, којашто „МБПР" АД Скопје ја пласира преку домашните банки.

[82] Обврските врз основа на кредити кон нерезиденти годишно се зголемија за 937 милиони денари или за 4,9%.

[83] Депозитите од банки и останати финансиски институции забележаа годишно намалување од 540 милиони денари. Во нивни рамки, се намалија депозитите на нерезидентите – финансиски друштва (за 1.466 милиони денари), а растеа депозитите на пензиските фондови (за 427 милиони денари) и на осигурителните друштва (за 429 милиони денари).

[84] Анализирано по поединечна банка, учеството на побарувањата на банките од нерезидентите во вкупната актива се движи во интервал од 1,6% до 20,3%, додека учеството на обврските на банките кон нерезидентите во вкупната пасива се движи во интервал од 0,2% до 25,1% (со исклучок на „МБПР" АД Скопје).

[85] Побарувањата од нерезидентите годишно се зголемија за 5.903 милиони денари, целосно (101,2%) како резултат на споменатото зголемување на пласманите кај странските банки.

[86] Обврските на банките кон нерезидентите годишно се зголемија за 294 милиони денари, како резултат на зголемувањето на депозитите на нерезидентите – нефинансиски субјекти (за 1.042 милиони денари) и истовремено намалување на депозитите на нерезидентите – финансиски друштва (за 1.699 милиони денари).

Графикон бр. 104
Соодност помеѓу обврските и побарувањата од нерезидентите, по банка на 31.12.2014 година




Извор: Народната банка, врз основа на податоците доставени од страна на банките.

Во 2014 година, соодносот помеѓу вкупните обврски кон и вкупните побарувања од нерезиденти, по поединечна банка, се движеше во интервал од 0,1 до 13,1, додека на ниво на банкарски систем овој показател изнесуваше 1,0.

Графикон бр. 105
Обврски кон матичните лица на банките
во проценти




Извор: Народната банка, врз основа на податоците доставени од страна на банките.

**Во посткризниот период, карактеристично за македонскиот банкарски систем е постепеното намалување на значењето на изворите на финансирање обезбедени од матичните лица.** Нивното учество во вкупните обврски на домашниот банкарски систем, како и во обврските кон нерезидентите, континуирано бележи намалување. Процесот на раздолжувањето на банките кон нивните матични лица се засили во 2014 година, со годишен пад од повеќе од 20,0%. Со тоа, на крајот од 2014 година, во структурата на обврските кон матичните лица доминантно учество од 55,2% имаат субординирани и хибридни капитални инструменти, што е повисоко за околу 9,3 процентни поени во споредба со крајот на 2013 година.

## 4. Имот преземен заради наплата на побарувања

**Заради пореално прикажување на вредноста на преземените средства во билансите на банките и создавање поголем мотив кај банките за побрзо да го продаваат имотот преземен заради наплата на побарувањата, во март 2013 година беше донесена Одлуката за сметководствениот и регулаторниот третман на преземените средства врз основа на ненаплатени побарувања. Оваа регулатива предвидува задолжително почетно оштетување на преземеното средство од најмалку 20% и не дозволува банката да искаже приход од ослободувањето на исправката на вредноста заради „наплата“ на побарувањето. Со тоа се оневозможуваат цикличните промени во билансот на успех поради прикажувањето приходи при ослободувањето на исправката на вредноста при преземањето на средството, коишто натаму би можеле да се исплатат како дивиденда. За износот на ослободената исправка на вредноста за кредитната изложеност кој банката нема да го искористи за оштетување на преземеното средство, се зголемува ревалоризациската резерва на банката. Со тоа се придонесува за зајакнување на капиталната позиција[87] на банките, што истовремено создава поголем простор за кредитирање и придонесува за зајакнување на стабилноста и отпорноста на банкарскиот систем.**

**На 31.12.2014 година, преземениот имот намален за оштетувањето е 1,0% од вкупната актива, што е помалку за 0,6 процентни поени во однос на учеството во претходната година. Ова пред сè должи на надолниот тренд на преземените средства и на растот на оштетувањето поради обврската за задолжителното годишно оштетување согласно со регулативата на Народната банка.**

Графикон бр. 106
Износ на средствата преземени врз основа на ненаплатени побарувања и учество во активата
во милиони денари во проценти




Извор: Народната банка, врз основа на податоците доставени од страна на банките.

**На 31.12.2014 година, средствата преземени врз основа на ненаплатени побарувања изнесуваа 6.846 милиони денари (почетна вредност при преземањето)** или 4.146 милиони денари, доколку почетната вредност се намали за износот на оштетувањето.

**Учеството на преземениот имот во вкупната актива на банките во изминатите години забележа надолна линија** и на 31.12.2014 година се сведе на 1,0%. Еден фактор за ова намалување е воведената обврска за задолжително оштетување на преземените средства, но и надолниот тренд на преземени средства за наплата на побарувањата.

[87] Оваа ревалоризациска резерва е дел од дополнителниот капитал на банката и може да се исклучи од него само доколку преземеното средство се продаде или доколку банката обезбеди капитал со повисок квалитет.

Графикон бр. 107
Износ на оштетувањето на средствата преземени врз основа на ненаплатени побарувања и стапки на промена
во милиони денари во проценти




Извор: Народната банка, врз основа на податоците доставени од страна на банките.

**Во 2014 година, преземените средства врз основа на ненаплатени побарувања забележаа најголемо годишно намалување во последниве пет години**, кое изнесува 871 милион денари, или 11,3%. За споредба, на 31.12.2013 година годишното намалување изнесуваше 74 милиони денари (0,9%), а на 31.12.2012 година, имаше годишен раст од 377 милиони денари (или за 5,1%). Ваквиот надолен тренд на преземените средства укажува на активностите на банките за побрза продажба на преземените средства[88], но и на сè помалку затворање на кредитите со преземање имот од страна на банките.

Графикон бр. 108
Структура на средствата преземени врз основа на ненаплатени побарувања, според периодот на нивното преземање
во проценти




Извор: Народната банка, врз основа на податоците доставени од страна на банките.

Графикон бр. 109
Структура на средствата преземени врз основа на ненаплатени побарувања
во проценти




Извор: Народната банка, врз основа на податоците доставени од страна на банките.
Забелешка: Износот на преземените средства се однесува на почетна вредност при преземањето. Во градежни објекти не се опфатени станбените објекти.

Најголем дел (околу 80%) од средствата коишто се продадени во текот на 2014 година, се преземени во периодот од 2011 до 2014 година, при што, највисоко учество (23,5%) имаат средствата преземени во 2013 година, а најниско (15,7%) средствата преземени од 2014 година. Ваквата структура на продадените средства според датумот на нивното преземање е добар показател за напорите на банките за нивна побрза

[88] На 31.12.2014 година, ослободената исправка на вредност за нефинансиските средства изнесуваше 278,4 милиони денари, а на 31.12.2013 година 21,3 милиони денари. Најголем дел (околу 90%) од ослободената исправка на вредност во 2014 година се должи на продажбата на преземени средства кај две банки на кредит.

Графикон бр. 110
Структура на средствата продадени во 2014 година, според годината на нивното преземање
во милиони денари




Извор: Народната банка, врз основа на податоците доставени од страна на банките.

Графикон бр. 111
Структура на затворената исправка на вредноста/посебна резерва, по банки
во проценти




Извор: Народната банка, врз основа на податоците доставени од страна на банките.
Забелешка: Една банка нема средства преземени по 11.4.2013 година, од кога започна да се применува можноста за издвојување ревалоризациска резерва.

продажба. Средствата продадени во 2014 година во билансите на банките се задржале во просек околу 2,4 години (2,6 години за средствата продадени 2013 година). Според начинот на продажба, 70,4% од преземениот имот е продаден на кредит, а 21,0% во готово[89]. Останатите начини на продажба имаат незначително учество. Од особено значење е продажбата на кредитот да биде соодветно структурирана, за да не претставува само временско одложување на оштетувањето за преземениот имот.

**Стапката на продажба (наплата) на преземените средства се подобрува**. Оваа стапка[90], во 2014 година изнесува 13,6% наспроти 9,5% во 2013 година.

**Регулативата овозможува зголемување на ревалоризациската резерва на банката, која е компонента на сопствените средства, за износот на исправката на вредноста за побарувањето, кој нема да биде искористен за оштетување на преземеното средство.** На 31.12.2014 година, оваа ревалоризациска резерва изнесува 221,8 милиони денари и зафаќа помалку од 1% од сопствените средства на банките. **Со оглед на високата капитализираност, повеќето банки прикажуваат оштетување за преземеното средство поголемо од определениот минимум од 20% и не ја користат можноста за зголемување на ревалоризациската резерва.** Имено, 68,4%[91] од исправката на вредноста/посебната резерва која што била издвоена за побарувањата, се искористени за оштетување за преземеното средство, а 31,6% се искористени за зајакнување на капиталните позиции, односно за зголемување на ревалоризациската резерва.

[89] Пресметките се според продажната вредност на преземените средства.
[90] Таа се пресметува кога продажната вредност на средствата продадени во тековната година ќе се подели со состојбата на преземените средства во претходната година зголемена за имотот преземен во тековната година.
[91] Барањето за издвојување ревалоризациска резерва се однесува само на средствата преземени по 11 април 2013 година, кога стапи во сила новата одлука.

## 5. Профитабилност

**Профитабилноста на банките во Република Македонија во 2014 година е значително повисока во однос на 2013 година. Добивката по оданочувањето остварена во 2014 година (во висина од 3.149 милиони денари) е поголема за 838,4 милиони денари, или за 36,3%, во споредба со добивката остварена во минатата година. Најизразено позитивно влијание врз профитабилноста имаат намалените каматни расходи, а за првпат во изминатите неколку години, на годишна основа се намалуваат оперативните трошоци на банките. Основните показатели за профитабилноста, повратот на активата и на капиталот се значително зголемени, а видно е подобрена и оперативната способност на банките за создавање приходи коишто ги покриваат расходите од нивното работење. Издвоената исправка на вредноста за кредитите, во 2014 година е помала во споредба со 2013 година, што соодветствува со пониската годишна стапка на раст на нефункционалните кредити во 2014 година. Сепак, ефектот од кредитниот ризик врз профитабилноста на банките е негативен, имајќи предвид дека на нето-основа, исправката на вредноста за кредитите е зголемена, поради помалиот износ на ослободена исправка на вредност на кредитите и пласманите. Нето-исправката на вредноста на нефинансиските средства (презементиот имот) се намалува. Освен идното движење на квалитетот на кредитното портфолио, еден од поголемите ризици за профитабилноста на банките е идниот капацитет на банките за генерирање нето каматен приход, кој во последните години се темели главно на намалувањето на каматните расходи поради намалувањето на депозитните каматни стапки.**

Графикон бр. 112
Нето-добивка по оданочувањето (горе) и годишна промена на главните приходи и расходи (долу)
во милиони денари







Извор: Народната банка, врз основа на податоците доставени од страна на банките.

### 5.1 Приходи, расходи и показатели за профитабилноста и ефикасноста на банкарскиот систем

Во 2014 година, **вкупните приходи на банките** (вкупни редовни приходи[92] и вонредни приходи), порасная за 939,4

[92] Во вкупните редовни приходи се опфатени: нето каматниот приход, нето-приходите од провизии и другите редовни приходи (нето-приходите од тргување, нето-приходите од финансиски инструменти евидентирани по објективна вредност, нето-приходите од курсни разлики, приходите врз основа на дивиденди и капитални вложувања, нето-добивката од продажба на финансиски средства расположливи за продажба, капиталните добивки остварени од продажба на средства, ослободувањето на резервирањата за вонбилансни ставки, ослободувањето на останатите резервирања, приходи по други основи и приходите врз основа на наплатени претходно отпишани побарувања).

Графикон бр. 113
Структура на вкупните приходи
во проценти




Извор: Народната банка, врз основа на податоците доставени од страна на банките.

Графикон бр. 114
Секторска структура на приходите од камати
во проценти




Извор: Народната банка, врз основа на податоците доставени од страна на банките.

милиони денари, или за 5,1%, во споредба со претходната година, и достигнаа 19.401,6 милиони денари. Зголемувањето на приходите речиси во целост (98,5%) е определено од растот на нето каматниот приход (за 925 милиони денари, или за 7,6%), што пак е резултат на посилното годишно намалување на расходите од камати (за 808,6 милиони денари, или за 10,2%) при истовремено многу помало зголемување на каматните приходи (за 116,4 милиони денари, или за 0,6%). Дополнителен придонес (од 21,2%) кон зголемувањето на приходите на банките имаа и нето-приходите од провизии и надоместоци, коишто на годишна основа порасна за 199,5 милиони денари, или за 5,1%. Пораст забележаа и вонредните приходи, меѓутоа нивното учество во структурата на вкупните приходи е занемарливо. Единствено се намалија другите редовни приходи[93].

**Структурата на вкупните приходи во 2014 година е речиси непроменета во однос на претходната година**, а нето каматниот приход, со 67,4%, има најголемо учество во вкупниот приход на банките.

**Зголемувањето на приходите од камати** во 2014 година пред сè произлегува од приходите од камати од домаќинствата, а во помал дел и од останатите субјекти[94]. **Растот на приходите од камати од домаќинствата** (за 243,8 милиони денари, или за 3,2%) соодветствува со забрзаниот годишен кредитен раст кон овој сектор, и покрај тоа што каматните стапки на кредитите на домаќинствата опаѓаат. Во 2014 година, **се намалија каматните приходи од финансиските и од нефинансиските друштва.** Намалувањето на приходите од

[93] Намалувањето на другите редовни приходи за 185,1 милион денари, или за 7,8%, пред сè произлезе од помалото ослободување на посебната резерва за вонбилансна кредитна изложеност на групна основа и намалувањето на приходите по други основи.

[94] Во оваа категорија се вклучени каматните приходи од вложувања во државни хартии од вредност. Во 2014 година овие приходи се зголемија за само 39,7 милиони денари, односно за 3,2% (за споредба, годишниот раст на каматниот приход од вложувања во државни хартии од вредност во 2013 година изнесуваше 386,9 милиони денари, или 44,3%). Причината се намалените приходи од вложувања во државни записи. Имено, просечниот месечен износ на вложувањата на банките во државни записи во текот на 2014 година, е помал за 1.255 милиони денари, или за 4,2% во однос на просечниот месечен износ вложен во 2013 година. За сметка на тоа, вложувањата во државни обврзници значително се зголемени, особено во последните три месеци од 2014 година.

камати од финансиските друштва (за 149,8 милиони денари, или за 9,8%) во целост се должи на намалените приходи од камати од задолжителната резерва[95], додека намалувањето на приходите од камати од нефинансиските друштва (за 105,8 милиони денари, или за 1,2%), главно е поради надолниот тренд на активните каматни стапки.

Следствено на ваквите движења, во **секторската структура на приходите од камати се зголеми учеството на каматните приходи од домаќинствата**, за сметка на намаленото учество на приходите од камати на финансиските и нефинансиските друштва.

Графикон бр. 115
Секторска структура на расходите од камати
во проценти




Извор: Народната банка, врз основа на податоците доставени од страна на банките.

Во 2014 година, растот на нето каматниот приход првенствено е одраз на **намалените каматни расходи**, и тоа од сите сектори. Причина за тоа се пониските депозитни каматни стапки во споредба со 2013 година, и покрај забрзаниот годишен раст на депозитите на нефинансиските субјекти. Најголем придонес (од 84,3%) во намалувањето на вкупните каматни расходи, имаат каматните расходи од секторот „домаќинства"[96], при пад на каматните стапки на депозитите на овој сектор (намалувањето е најголемо кај каматните стапки на долгорочните денарски депозити, кое изнесува 1,3 процентни поени). Намалување бележат и каматните расходи од нефинансиските друштва[97] (врз основа на орочени депозити), каматните расходи од финансиските друштва (врз основа на орочени депозити на пензиските фондови и осигурителните друштва), како и каматните расходи од останатите субјекти (главно расходите од камати за финансиските друштва - нерезиденти врз основа на обврски за кредити и врз основа на орочени депозити).

[95] Со Одлуката за изменување на Одлуката за задолжителната резерва („Службен весник на Република Македонија" бр. 166/2013) е предвидено Народната банка да не плаќа надомест на издвоената задолжителна резерва (стапката на надомест претходно изнесуваше 1% на задолжителната резерва во денари и 0,1% на задолжителната резерва во евра). Оваа одлука започна да се применува на 1.1.2014 година.
[96] Каматните расходи од секторот „домаќинства" на годишна основа се помали за 681,3 милиони денари, или за 13,3%.
[97] Во споредба со декември 2013 година, каматните стапки на орочените денарски и девизни депозити на нефинансиските друштва се помали за 0,6 и 0,4 проценти поени, соодветно.

Графикон бр. 116
Користење на вкупните приходи
во проценти




Извор: Народната банка, врз основа на податоците доставени од страна на банките.

Графикон бр. 117
Структура на оперативните трошоци
во проценти




Извор: Народната банка, врз основа на податоците доставени од страна на банките.

Графикон бр. 118 Показатели за ефикасноста на банките
во проценти




Извор: Народната банка, врз основа на податоците доставени од страна на банките.

И покрај намалувањето, каматните расходи од секторот „домаќинства" имаат најголемо учество во структурата на расходите од камати (62,5%).

**Најголемиот дел од вкупните приходи на банките се троши за покривање на оперативните трошоци[98]**, и покрај намалувањето на нивното учество во вкупните приходи (за 5,1 процентен поен), во споредба со претходната година.

**Во 2014 година, оперативните трошоци на банките** се помали за 423,3 милиони денари, или за 3,8%, во споредба со претходната година. Притоа, најголемо намалување има кај премиите за осигурување на депозитите[99] (за 141,5 милиони денари, или за 10,8%) и кај посебната резерва за вонбилансна изложеност (за 134,3 милиони денари, или за 23,8%).

И покрај ваквите движења, **не се забележаа поголеми промени во структурата на оперативните трошоци,** во која главното учество и покрај намалувањето, и понатаму го имаат трошоците за вработените и општите и административните трошоци (72,6%).

**Во 2014 година, продолжи трендот на подобрување на оперативната ефикасност на банките, којшто започна во 2012 година.** Во услови на годишно намалување на трошоците на банките, наспроти зголемувањето на вкупните редовни приходи, износот на вкупните редовни приходи којшто се троши за покривање на оперативните трошоци е значително намален. Исто така, намалување бележат и останатите показатели за соодносот помеѓу одделните видови трошоци и вкупните редовни приходи, со што дополнително се потврдува

[98] Оперативните трошоци на банките ги опфаќаат: трошоците за вработените, амортизацијата, општите и административните трошоци, премиите за осигурување депозитите и останатите оперативни трошоци, со исклучок на вонредните расходи.
[99] Почнувајќи од 1.6.2014 година, стапката на премијата за осигурување на депозитите е пониска за 0,2 процентни поени, и изнесува 0,5% на годишно ниво.

подобрената оперативна ефикасност на банките.

Графикон бр. 119
Исправка на вредноста на финансиските и нефинансиските средства
во милиони денари




Извор: Народната банка, врз основа на податоците доставени од страна на банките.

Графикон бр. 120
Годишна стапка на промена на трошокот за исправка на вредноста
во проценти




Извор: Народната банка, врз основа на податоците доставени од страна на банките.

Освен нето каматниот приход и оперативните трошоци на банките, коишто го определија повисокото ниво на профитабилност во однос на претходната година, останатите компоненти на профитабилноста на банките се движеа во правец на нејзино намалување. Така, во 2014 година, **нето-исправката на вредноста којашто ја признаваат банките за оштетување на финансиските средства (кредитите и други слични побарувања)** достигна 4.200 милиони денари, што на годишна основа претставува зголемување за 372 милиона денари, или за 9,7%[100]. Со тоа, и делот од нето каматниот приход којшто се троши за покривање на исправката на вредноста на финансиските средства се зголеми од 31,5% во 2013 година на 32,1% во 2014 година. Растот на нето-исправката на вредноста се должи на значителното намалување на ослободената исправка на вредноста, коешто во најголем дел е резултат на високата споредбена основа[101]. Бруто-исправката на вредноста на финансиските средства бележи намалување, и тоа во сите четири квартали од 2014 (во однос на истите периоди од 2013 година).

Во 2014 година, беше прекинат неколкугодишниот тренд на пораст на **исправката на вредноста на нефинансиските средства (преземениот имот).** Имено, таа се намали за 200 милиони денари, или за 20,4%, и на крајот на 2014 година се сведе на 781 милион денари. Намалувањето главно се должи на значителниот износ на ослободената исправка

[100] За споредба, во 2013 година, нето-исправката на вредноста на финансиските средства (кредити и други слични побарувања) на годишна основа се намалила за 711 милиони денари, или за 15,7%.
[101] Во 2013 година, ослободената исправка на вредноста на финансиските средства на ниво на банкарскиот систем забележа годишен пораст од 2.585 милиони денари, или 42,4%, кој речиси во целост се должеше на затворање на нефункционалните побарувања кај една банка во земјата. Доколку се изземе ефектот од значително зголеменото ослободување на исправката на вредноста кај оваа банка во 2013 година, нето-исправката на вредноста на финансиските средства на ниво на банкарскиот систем во 2014 година би забележала намалување, и со тоа нејзиното влијание врз профитабилноста на банкарскиот систем би било позитивно.

Графикон бр. 121
Стапки на поврат на активата – РОАА (горе) и на капиталот – РОАЕ (долу), според остварениот (позитивен / негативен) финансиски резултат
во проценти




Извор: Народната банка, врз основа на податоците доставени од страна на банките.

на вредноста од продажбата на преземени средства кај две банки во земјата.

**Зголемената добивка на банкарскиот систем во 2014 година позитивно влијаеше врз основните показатели за профитабилноста на банките.** Во споредба со претходната година, стапката на поврат на активата е поголема за 0,2 процентни поена, додека порастот на стапката на поврат на капиталот изнесува 1,7 процентни поени. Исто така, подобрена е и профитната маргина[102] на банките (за 3,7 процентни поени), како и сите показатели коишто се пресметани врз основа на ставки коишто се под влијание на нето каматниот приход.

**Во 2014 година, продуктивноста во банкарскиот систем се подобри**, што упатува на подобрено искористување на ресурсите. Во однос на претходната година, добивката по вработен и вкупните приходи по вработен се зголемени за 0,1 милион денари, додека оперативните трошоци по вработен се намалени.

Табела бр. 5 Показатели за профитабилноста и ефикасноста на банкарскиот систем
во проценти

| Показатели | 12.2013 | 12.2014 |
|---|---|---|
| Стапка на поврат на просечната актива (ROAA) | 0,6 | 0,8 |
| Стапка на поврат на просечниот капитал (ROAE) | 5,7 | 7,4 |
| Оперативни трошоци / вкупни редовни приходи (Cost-to-income) | 60,6 | 55,5 |
| Некаматни расходи / вкупни редовни приходи | 66,6 | 61,8 |
| Трошоци за плати / вкупни редовни приходи | 23,3 | 22,0 |
| Трошоци за плати / оперативни трошоци | 38,4 | 39,6 |
| Исправка на вредноста за финансиските и нефинансиските средства / нето каматен приход | 39,5 | 38,1 |
| Нето каматен приход / вкупни редовни приходи | 65,9 | 67,4 |
| Нето каматен приход / некаматни расходи | 99,0 | 109,2 |
| Некаматни приходи / вкупни редовни приходи | 40,1 | 38,8 |
| Добивка (загуба) од работењето / вкупни редовни приходи | 12,5 | 16,2 |
| Број на вработени | 6.048 | 5.988 |
| Добивка по вработен (во милиони денари) | 0,4 | 0,5 |
| Вкупни приходи по вработен (во милиони денари) | 3,1 | 3,2 |
| Оперативни трошоци по вработен (во милиони денари) | 1,9 | 1,8 |

Извор: Народната банка, врз основа на податоците доставени од страна на банките.
Показателите пресметани за одделните групи банки се дадени во анексот бр. 38.

[102] Профитната маргина претставува однос на добивката (загубата) од работењето и вкупните редовни приходи.

Графикон бр. 122
Стапки на поврат на активата и на капиталот, по одделни земји
во проценти




Извор: Народната банка, врз основа на податоците доставени од страна на банките, интернет-страниците на ММФ и на централните банки.
Забелешка: Податоците се однесуваат на септември 2014 година, со исклучок на Македонија, Хрватска (декември 2014 година), Косово (јули 2014), Португалија, Италија, Кипар, Грција, Литванија, Холандија, Чешка и Албанија (јуни 2014 година).

Според показателите за повратот на активата и на капиталот, банкарскиот систем на Република Македонија се наоѓа во средниот дел на листата, при споредбата со банкарските системи од регионот и од одредени земји-членки на ЕУ.

Графикон бр. 123
Нето каматна маргина
во проценти




Извор: Народната банка, врз основа на податоците доставени од страна на банките.

**Годишното зголемување на нето каматната маргина**[103] е одраз на поизразениот годишен раст на нето каматниот приход (за 7,6%) од растот на просечната каматоносна актива (за 1,6%). Всушност, главниот причинител за зголемувањето на каматната маргина е намалувањето на каматните расходи, коишто истовремено придонесоа и за годишно намалување на расходите од камати по единица каматоносна пасива. Од друга страна, намалените активни каматни стапки, предизвикаа мало намалување на приходите од камати по единица каматоносни средства. Анализирано по поединечна банка, од вкупно петнаесет банки, осум банки остварија повисока нето каматна маргина од нето каматната маргина на ниво на банкарскиот систем, којашто на 31.12.2014 година изнесува 3,9%.

[103] Нето каматната маргина е пресметана како соодност меѓу нето каматниот приход и просечната каматоносна актива. Просечната каматоносна актива е пресметана како аритметичка средина од износите на каматоносната актива на крајот на тековната година и на крајот на претходната година.

Графикон бр. 124
Активни каматни стапки
во проценти




Извор: Народната банка, врз основа на податоците доставени од страна на банките.

Графикон бр. 125
Пасивни каматни стапки
во проценти




Извор: Народната банка, врз основа на податоците доставени од страна на банките.

Графикон бр. 126
Каматен распон, според валутата
во процентни поени




Извор: Народната банка, врз основа на податоците доставени од страна на банките.
Забелешка: Во пресметките не се опфатени кредитите врз основа на негативни салда и кредитни картички.

## 5.2 Движење на каматните стапки и на каматниот распон

**Намалувањето на активните и на пасивните каматни стапки на банките продолжи и во 2014 година**, и покрај тоа што основната каматна стапка на Народната банка остана непроменета[104]. Во однос на декември 2013 година, намалувањето е најизразено кај каматните стапки на денарските депозити и денарските депозити со девизна клаузула (за 0,8 процентни поени), а најмало намалување бележат каматните стапки на девизните кредити (за 0,3 процентни поени).

Во првата половина од 2014 година се забележува поголема варијабилност на каматните распони, наспроти нивното постабилно ниво во текот на втората половина од годината. Сепак, при релативно рамномерни надолни придвижувања на активните и пасивните каматни стапки, каматните распони во речиси сите валути се стабилни и без поголеми поместувања во однос на нивото од декември 2013 година, освен каматниот распон во денари, кој се зголеми, како резултат на поизразеното намалување на каматните стапки на денарските депозити (за 0,8 процентни поени), наспроти нешто помалото намалување на каматните стапки на денарските кредити (за 0,5 процентни поени).

[104] Во текот на цела 2014 година, каматната стапка на аукциите на благајнички записи се задржа на истото ниво од последната промена во јули 2013 година (кога се сведе на 3,25%).

# V. АНЕКСИ